СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 4 ноември 1987
Скопје
Број 41 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 500 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

736.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Се прогласува Законот за енергетика, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 октомври 1987 година.

Бр. 08-3030/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с р.

ЗАКОН

ЗА ЕНЕРГЕТИКА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат односите и условите за вршење на дејностите во областа на енергетиката, начинот на усогласување на развојот на овие дејности со општествените планови за развој на Републиката заради обезбедување со енергија, начинот на утврдување на задоволувањето на заедничките потреби и интереси во областа на енергетиката, штедењето, рационалното производство и користење и супституција на енергијата, заштита на енергетските објекти, уреди и постројки, заштита на човековата околина од штетното влијание при работата на енергетските објекти, уреди и постројки, остварувањето на посебниот општествен интерес и надзорот.

Член 2

Дејности во областа на енергетиката, во смисла на овој закон, се:

1. Производството, пренесувањето и дистрибуцијата на електрична енергија (електростопанство);
2. Производството, преработката и прометот на јаглен;
3. Производството, преработката, транспортот и прометот на нафта, деривати на нафта и природен гас и дистрибуција на природен гас;
4. Производството, пренесувањето и дистрибуцијата на топлинска енергија; и
5. Производството и користењето на други видови енергија.

Член 3

Дејностите производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, производство и преработка на јаглен, производство и преработка на нафта и деривати на нафта и производство, транспорт и дистрибуција на природен гас, се дејности од посебен општествен интерес.

Член 4

Производство на електрична енергија, во смисла на овој закон, е производството на електрична енергија во хидроелектричните централи, термоелектричните централи, термоелектричните централи-топлани и други електрични централи (во натамошниот текст: електрични централи).

Пренесувањето на електрична енергија, во смисла на овој закон, е пренесувањето на електрична енергија од електрични централи врзани на преносната мрежа на територијата на Републиката, односно од електричните централи на електроенергетските системи надвор од територијата на Републиката, до електростопанските организации кои вршат дистрибуција на електрична енергија, односно до корисниците кои се директно приклучени на преносната мрежа, како и пренесување на електрична енергија за потребите на електроенергетските системи надвор од Републиката (транзит на електрична енергија).

Дистрибуција на електрична енергија, во смисла на овој закон, е преземањето, распределбата и испораката на електрична енергија до корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа.

Член 5

Производство на јаглен, во смисла на овој закон, е експлоатацијата на јагленот (вадење на јагленот од лежиштето, збогатување и облагородување).

Преработка на јаглен, во смисла на овој закон, е постапката со која се добива кокс, полукокс и други хемиски производи од јагленот.

Промет на јаглен, во смисла на овој закон, е подготвувањето, набавувањето, испораката и продажбата на јаглен.

Член 6

Производство на нафта и природен гас, во смисла на овој закон, е отворањето на нафтено-гасните лежишта и експлоатацијата на нафта и природен гас.

Преработка на нафта и природен гас, во смисла на овој закон, е рафинериската преработка на нафта и природен гас заради добивање деривати на нафта и други хемиски производи.

Транспорт на нафта и деривати на нафта, во смисла на овој закон, е утоварувањето, растоварувањето, преговарувањето, складирањето на нафта и деривати на нафта и нивно пренесување со нафтоводи, продуктоводи, танкери, авто или железнички цистерни и други превозни средства.

Промет на нафта, деривати на нафта и природен гас, во смисла на овој закон, е подготвувањето, набавувањето, испораката и нивната продажба.

Транспорт на природен гас, во смисла на овој закон, е пренесувањето на природен гас со гасоводи.

Дистрибуција на природен гас е преземањето, распределбата и испораката на природниот гас до корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа.

Член 7

Производство на топлинска енергија, во смисла на овој закон, е производство на топлина (пареа, топла и врела вода и слично) во топлани, термоелектрани-топлани и индустриски енергани, како и производство и користење на геотермална енергија и отпадна топлина.

Пренесување на топлинска енергија, во смисла на овој закон, е пренесувањето на таа енергија од изворите до објектите за дистрибуција.

Дистрибуција на топлинска енергија, во смисла на овој закон, е преземање, распределба и испорака на топлинската енергија до корисниците.

Член 8

Производство и користење на други видови енергија, во смисла на овој закон, е истражувањето и создавањето услови за користење на сончевата енергија, енергијата на ветерот, енергијата од биомаса и друго.

Член 9

Корисници на енергија, во смисла на овој закон, се: организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките и општествените организации, други организации и заедници, државните органи, Југословенската народна армија, работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните, граѓанско-правните лица и граѓаните, кои преземаат и користат енергија за вршење на стопанска и друга дејност, односно за задоволување на своите потреби.

Член 10

Организациите на здружениот труд можат да вршат дејност во областа на енергетиката кога објектите, уредите и постројките за производство, пренесување и дистрибуција на енергија ги исполнуваат пропишаните технички и други услови.

Член 11

Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија ги врши особено следните работи:

— ја утврдува политиката и целите на развојот на енергетиката во согласност со целите и задачите утврдени со општествените планови на Републиката;

— ги усогласува меѓусебните односи, права, обврски и одговорности на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката и корисниците на енергија;

— ги усогласува плановите и програмите за развој на одделни видови енергија;

— донесува програми за развој на енергетиката во Републиката;

— учествува во донесувањето и реализацијата на заедничките програми за развој на енергетиката на ниво на земјата;

— го усогласува и донесува долгорочниот и среднорочниот енергетски биланс на Републиката;

— го усогласува и донесува годишниот енергетски биланс на Републиката;

— пропишува општи услови за испорака на соодветен вид енергија;

— донесува тарифни системи и тарифни ставови за испорака на енергија;

— учествува во утврдувањето на заедничките елементи за формирање на цените на енергетските видови застапени во потрошувачката;

— ги пропишува критериумите за определување општ недостиг на соодветен вид енергија и за редоследот и начинот на обезбедување на корисниците со енергија во услови на недостиг;

— ги утврдува подготовките на општонародната одбрана и општествената самозаштита што се од заеднички интерес за организациите на здружениот труд од областа на енергетиката;

— врши и други работи и задачи утврдени со овој закон, самоуправната спогодба за основање и со другите самоуправни општи акти на Заедницата.

Член 12

Дејноста на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија е од посебен општествен интерес.

II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА

1. Заеднички одредби

Член 13

Дејности од областа на енергетиката од член 2 на овој закон, можат да вршат организациите на здружениот труд на кои тоа им е основна дејност.

Производство на енергија, покрај организациите од став 1 на овој член, можат да вршат и други организации на здружениот труд за свои потреби.

Кога производството на електричната и топлинската енергија ги надминува потребите на организациите на здружениот труд од став 2 на овој член, во согласност со Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, вишокот на електричната и топлинската енергија може со договор да се отстапи на организациите на здружениот труд на кои производството и испораката на тие видови енергија им е основна дејност.

Член 14

Граѓаните можат да вршат производство на електрична енергија за сопствени потреби и за потребите на други корисници.

Производството на електрична енергија што ги надминува потребите на производителите од став 1 на овој член, како и производството наменето за потребите на други корисници, во согласност со Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија се вклучува во електроенергетскиот систем на Републиката, под услови и на начин утврдени со општите услови за испорака на електрична енергија.

Член 15

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се должни на корисниците да им обезбедат енергија во согласност со енергетскиот биланс и во договорените количества квалитет, рокови и цена.

Член 16

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката во рамките на својата дејност се должни да ги истражуваат и користат енергетските извори на начин кој обезбедува рационално искористување и проширување на производните објекти, уреди и постројки и трајно и непрекинато снабдување на корисниците со енергија.

Член 17

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката донесуваат годишни програми за одржување на објектите, уредите и постројките (преглед, ремонт, контролни мерења и испитувања).

При донесувањето на програмите од став 1 на овој член, организациите на здружениот труд се должни да го планираат и меѓусебно да го усогласат одржувањето на објектите, уредите и постројките во време кое најмалку им штети на корисниците.

Во случај на потреба од преземање на неопходни работи на објектите, уредите и постројките што не се планирани, а чие одлагање би ги довело во опасност животите на луѓето и имотот, организациите на здружениот труд од став 1 на овој член се должни работите да ги извршат во најкус можен рок, за што ги известуваат корисниците.

Член 18

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката го планираат развојот според прописите за системот на општественото планирање и според одредбите на овој закон.

Член 19

Организациите на здружениот труд што учествуваат во процесот на производството, преносот и дистрибуцијата на ист вид енергија, меѓусебно го усогласуваат своето работење заради обезбедување оптимално користење на расположливите енергетски потенцијали и економично и рационално користење на изворите на енергија, објектите, уредите и постројките и обезбедување единство во планирањето на развојот.

Член 20

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката, за видот на енергијата кој го произведуваат или испорачуваат, донесуваат годишни, среднорочни и долгорочни биланси.

Предлозите на годишните биланси за наредната година организациите од став 1 на овој член се должни да ги достават за усогласување до Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија најдоцна до 1 октомври во тековната година а да ги усогласат и донесат до крајот на тековната година.

Член 21

Потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во Републиката за определен временски период и можностите за нивно задоволување со производство и набавка се утврдуваат со енергетски биланси на Републиката, што се донесуваат во согласност со општествените планови на Републиката и резолуциите за политиката на остварувањето на тие планови во тековната година.

Годишниот енергетски биланс на Републиката се донесува до крајот на тековната, за наредната година.

Член 22

Работи на раководење со сложени енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII_1 степен на стручна подготовка од соодветна струка, најмалку три години работно искуство во енергетиката и положен стручен испит.

Работи на раководење со погоните на постројките и уредите на сложените енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII_1 степен на стручна подготовка од соодветна струка, со најмалку три години работно искуство во струката и положен стручен испит, односно работник кој има најмалку VI_1 степен на стручна подготовка од соодветна струка, најмалку три години работно искуство во енергетиката и положен стручен испит.

Како сложени енергетски објекти од ставовите 1 и 2 на овој член, се сметаат енергетските објекти со моќност преку 100 MW, објекти за пренос на електрична енергија преку 200 kV, рафинерија на нафта, нафтоводи и гасоводи и рудници за јаглен.

Член 23

Работи на надзор над техничко-технолошкото функционирање на енергетските системи во Републиката и техничко-технолошкото раководење со погоните на тие системи може да врши работник со најмалку VII_1 степен на стручна подготовка од соодветна струка, со најмалку три години работно искуство во струката и положен стручен испит, а работи на управување и надзор над функционирањето на деловите на тие системи може да врши работник со VI или V степен на стручна подготовка од соодветна струка, со најмалку три години, работно искуство во енергетиката и положен стручен испит, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Член 24

Работи на ракување со енергетски објекти, уреди и постројки можат да вршат работници и тоа:

1. Работи на ракувач со парни турбини, гасни и хидротурбини за производство на електрична енергија, котелски постројки со инсталирана моќност преку 5 MW и котелски постројки со механизирано ложење, мотори со внатрешно согорување со моќност преку 200 kW, компресори и разладни постројки со моќност преку 200 kW, пумпни станици со моќност преку 200 kW, котелски постројки за централно греење со инсталирана моќност преку 1 MW, работен притисок 0,5 бари и температура на водата до 110°C, трафостаници и разводни постројки за електрична енергија, диспечерски центри и електрокоманди, енергетски блок за производство на електрична енергија, уреди за сушење со моќност преку 500 KW и со технолошки печки на течно и гасно гориво со моќност преку 6,5 MW, — работник кој има најмалку IV степен стручна подготовка од енергетска, машинска или електро-струка, со работно искуство од најмалку 12 месеци на соодветното работно место и положен стручен испит.

2. Работи на ракувач со котелски постројки со инсталирана моќност до 5 MW, парни машини, компресори и разладни постројки со моќност до 200 kW, пумпни станици со моќност до 200 KW и со гасни генератори — работник кој има најмалку III степен стручна подготовка од енергетска, машинска или електро-струка, со работно искуство од најмалку 12 месеци на соодветното работно место и положен стручен испит.

3. Работи на ракувач со котелски постројки кои рачно се ложат, котелски постројки за централно греење со инсталирана моќност од 0,2 MW до 1 MW, работен притисок 0,5 бари и температура на водата 110°C, клима постројки, уреди за хемиска подготовка на напојна, котелска и разладна вода преку 15 m^3 на час, уреди за полнење и манипулирање со технички гасови, садови под притисок од прва и втора класа и уреди за сушење со моќност до 500 kW — работник кој има најмалку II степен стручна подготовка од енергетска, машинска, електро или хемиска струка, со работно искуство од најмалку 6 месеци на соодветното работно место и положен стручен испит.

Член 25

Стручен испит за работи на раководење, надзор и ракување со енергетските објекти, постројки и уреди се полага пред комисија на републичкиот орган на управата надлежен за работите на енергетиката.

Член 26

Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство ќе ја пропише програмата и начинот на полагање на стручниот испит за работниците што работат на работите од член 22, 23 и 24 на овој закон.

2 Испорака на енергија

Член 27

Испорака на одделни видови енергија се врши преку енергетски системи, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Под енергетски системи од став 1 на овој член се подразбираат електроенергетскиот и гасоводниот систем на Републиката, како и за потесно подрачје, системот за производство, пренесување и дистрибуција на топлинска енергија.

Член 28

Организациите на здружениот труд кои испорачуваат енергија од енергетскиот систем (во натамошниот текст: испорачатели на енергија), можат да ја испорачуваат, а корисниците на енергија да ја користат, ако нивните енергетски објекти, уреди и инсталации ги исполнуваат условите утврдени со прописите и техничките нормативи за соодветниот вид енергија, со кои се обезбедува непречена испорака на енергија во договореното количество, моќност и континуитет и безбедност на луѓето и имотот.

Член 29

Испорачателот на енергија е должен да го приклучи корисникот на енергетскиот систем ако му е издадена енергетска согласност.

Член 30

Испорачателот на енергија може привремено да ја прекине испораката на енергија, ако утврди дека енергетските објекти, уреди и инсталации не ги

исполнуваат условите предвидени со техничките прописи и нормативи за непречена испорака на енергија или постојат недостатоци, за што писмено го известува корисникот и општинскиот орган на управата надлежен за работите на електроенергетската инспекција, односно Републичкиот инспекторат за техничка инспекција

Член 31

Испорачателот на енергија може привремено да ја прекине испораката на енергија и поради планирани:

— прегледи, ремонти и реконструкции;

— испитувања и контролни мерења;

— одржување и проширување на своите објекти, уреди и инсталации.

Привремениот прекин од став 1 на овој член испорачателот на енергија може да го врши во време кога најмалку му нанесува штета на корисникот, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и со годишниот енергетски биланс.

За денот и часот на привремениот прекин испорачателот на енергија мора писмено да го извести корисникот, а доколку се работи за поголема група корисници, тоа да го стори преку средствата за јавно информирање (дневниот печат, радиото и телевизијата и др.) најмалку 24 часа пред прекинот на испораката на енергија.

Член 32

Ако во текот на годината се јави потреба од привремен прекин на испорака на енергија поради вонредни прегледи, ремонти, испитувања, контролни мерења и одржување на објектите, уредите, инсталациите; времето и должината на траењето на прекинот се утврдува со договор меѓу испорачателот и корисникот на енергија. Доколку не се постигне договор за привремениот прекин одлучува општинскиот орган на управата надлежен за работите на електроенергетската инспекција, односно Републичкиот инспекторат за техничка инспекција.

Член 33

Испорачателот на енергија може по претходно писмено предупредување да му ја прекине испораката на енергија на корисникот ако:

— пречи да се врши испорака на енергија на други корисници;

— по опомена на испорачателот, не ја намали моќноста, односно количеството на потрошувачката на договорената вредност и во утврдениот рок;

— во случај на недостиг на енергија не се придржува кон пропишаните мерки за намалување на потрошувачката;

— не врши плаќања за испорачаната енергија во утврдениот рок според општите услови за испорака на енергија и договор за испорака.

Член 34

Испорачателот на енергија може без претходно писмено предупредување да му ја прекине испораката на енергија на корисникот ако:

— со користењето на своите енергетски објекти, уреди или инсталации го загрозува животот или здравјето на луѓето или го загрозува имотот;

— во рокот кој го утврдил органот на управата надлежен за инспекција во областа на енергетиката не ги отстрани недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации;

— без согласноста на испорачателот изврши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетскиот систем, односно ако преку своите објекти, уреди или инсталации овозможи приклучување на друг корисник;

— оневозможи правилно евидентирање на потрошената енергија или ако ја користи енергијата без мерни уреди или со мерни уреди кои не се договорени;

— на овластените лица им одбие или оневозможи пристап до сите делови на приклучокот, до заштитните и мерните уреди и до енергетските објекти, уреди и инсталации за кои постои сомнение дека се причина за појавените пречки во испораката;

— тоа го бараат потребите на општонародната одбрана во согласност со Планот за одбрана на Републиката, односно општината.

Член 35

Доколку испорачателот на енергија неосновано ја прекинал испораката на енергија, е должен во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 24 часа откако органот од член 30 на овој закон утврдил неоснованост, повторно да го приклучи корисникот. Корисникот на кого неосновано му е прекината испораката на енергија има право на надоместок на штетата.

Член 36

Испораката на енергија не смее да се прекине ниту ограничи, освен во случај на виша сила, за објектите, уредите и постројките на кои со прекинот или ограничувањето се доведува во опасност животот и здравјето на луѓето, како и на објектите кои се од битно значење за стопанскиот развој на Републиката.

Со општите услови за испорака на одделни видови енергија од енергетските системи се определуваат објектите, уредите и постројките од став 1 на овој член, како и начинот на обезбедување со енергија во случај на виша сила.

Член 37

Односите меѓу испорачателот и корисникот на енергија се уредуваат во согласност со општите услови за испорака на соодветен вид енергија, тарифните системи за одделни видови енергија и со други општи акти на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката и на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, во согласност со овој закон.

Член 38

Со општите услови за испорака на соодветен вид на енергија од енергетските системи поблиску се определуваат условите и начинот на испорака и меѓусебните права, обврски и одговорности на испорачателот и корисникот на соодветниот вид енергија, а особено:

— условите за издавање на енергетска согласност за приклучување на корисникот во енергетскиот систем или за зголемување на обемот на потрошувачката кај постојните корисници;

— условите, начинот и рокот на склучување на договорот за испорака на соодветниот вид енергија, местото на предавањето и мерење на соодветниот вид енергија и обврските на испорачателот за континуирано снабдување на корисникот со договорениот квалитет на енергија;

— начинот на пресметување и наплатување на испорачаната енергија и висина на договорената казна во случај на нередовна и неквалитетна испорака, односно нередовно преземање на енергијата од страна на корисникот;

— условите и начинот на ограничување или прекин на испораката на соодветниот вид енергија во случај на недостиг;

— условите и начинот на обештетување на корисниците на енергија во случај на намалена испорака или прекин.

Општите услови за испорака на електрична енергија, покрај елементите од став 1 на овој член содржат и услови за вклучување, односно преземање на електрична енергија произведена од граѓани.

Општите услови за испорака на соодветен вид енергија се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 39

Испораката на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија се врши според тарифни ставови, во рамките на соодветните тарифни системи за продажба.

Со тарифниот систем за продажба на соодветниот вид енергија се утврдуваат тарифните ставови во однос на времето на потрошувачката (час, ден, месец и сезона на потрошувачката), ангажираната моќност, количеството и квалитетот на енергијата што се презема (активна и реактивна енергија), категоријата на потрошувачката, односно на корисникот за кој се применуваат одделни тарифни ставови.

3. Енергетска согласност

Член 40

Секој нов корисник на енергија што се приклучува на енергетски систем, постојниот корисник што врши реконструкција на енергетски објекти, уреди и инсталации или ја зголемува потрошувачката на енергија, освен домаќинствата, е должен да прибави енергетска согласност од испорачателот на соодветниот вид енергија.

Енергетска согласност за потрошувачка на енергија поголема од 20 TJ годишно (5,5 милиони KVVч) издава испорачателот на соодветниот вид енергија, по претходна согласност од Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство.

Член 41

Испорачателот на енергија е должен во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето да издаде енергетска согласност.

Против решението за енергетска согласност од став 1 на член 40 на овој закон може да се изјави жалба до општинскиот орган на управата надлежен за работите на енергетиката, а против решението за енергетска согласност од став 2 на член 40 на овој закон, може да се изјави жалба до Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство.

4. Дејности во областа на енергетиката

а) Електростопанство

Член 42

Електроенергетскиот систем на Републиката е единствена технолошка и економска целина што ја сочинуваат дејностите: производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија на територијата на Републиката.

Електроенергетскиот систем на Републиката е составен дел на електроенергетскиот систем на Југославија.

Електроенергетскиот систем на Републиката се поврзува со електроенергетските системи на другите републики и автономни покраини, а преку електроенергетскиот систем на Југославија и со електроенергетските системи на соседните земји.

Член 43

Основни дејности во електростопанството се: производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија.

Член 44

Организациите на здружениот труд од електростопанството се должни меѓусебно и со корисниците на електрична енергија да ги усогласуваат заедничките планови за развојот, технологијата и организацијата на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на електрична енергија, во согласност со заедничкиот план на ниво на земјата како и експлоатацијата, одржувањето на електроенергетските објекти, постројки и уреди, со што се обезбедува рационално користење на електроенергетските објекти, постројки и уреди, уредно и трајно снабдување на корисниците со електрична енергија и единство на електроенергетскиот систем на Републиката.

Член 45

Со самоуправната спогодба за здружување во разни облици на здружување на организациите на здружениот труд што вршат производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија се уредува особено: начинот на извршувањето на работите со кои се остварува непречено функционирање на електроенергетскиот систем и одговорноста за нивно извршување, начинот на усогласување на меѓусебните односи во изградбата на нови и проширување на постојните капацитети на електроенергетските објекти и начинот и условите за нивно финансирање, начинот и условите за обезбедување и унапредување на организацијата на работењето и за обезбедување на рационалност во производството, пренесувањето и дистрибуцијата на електрична енергија, правата, обврските и одговорностите за обезбедување на квалитетно и континуирано производство и испорака на електрична енергија на корисниците и други прашања од значење за обезбедување на единството на електроенергетскиот систем.

Член 46

Организациите на здружениот труд во електростопанството со самоуправни спогодби и други самоуправни општи акти го уредуваат и усогласуваат особено: следењето и анализирањето на остварувањето на електроенергетскиот биланс, условите за работа на електроенергетскиот систем на Републиката, производството и потрошувачката на електрична енергија по структури, користењето на електроенергетските објекти, уреди и постројки, начинот на обезбедување на погонска подготвеност и техничка исправност на електроенергетските објекти, уреди и постројки и нивната заштита од хаварија, експлозија, пожар и други штетни дејства, мерките за рационално производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија и заштита на луѓето и имотот, редовното одржување и периодичното испитување на објектите, уредите и постројките, условите за вршење на работите на раководење и ракување со објектите, уредите и постројките, меѓусебните обврски при ограничувањето на испораката на електрична енергија во услови на недостиг и одговорностите за спроведување на оваа мерка, начинот на работата на диспечерските служби и нивната координација, како и начинот на спроведување и остварување на системот на врските.

Член 47

Заради трајно и квалитетно снабдување на корисниците со електрична енергија, организациите на здружениот труд од електростопанството се должни да вршат периодични испитувања на техничко-технолошката и функционалната исправност на објектите, уредите и постројките за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија.

За извршените испитувања од став 1 на овој член, организациите на здружениот труд од електростопанството водат посебна евиденција која ги содржи податоците за: предметот и видот на испитувањето, времето од претходното испитување, организацијата и лицата кои ги вршеле испитувањата и одговорното лице под чиј надзор се извршени испитувањата, утврдената состојба и предложените мерки за обезбедување на погонска спремност на објектот за користење.

Образецот за водење на евиденцијата за периодичните испитувања на електроенергетските објекти, уреди и постројки од став 1 на овој член, го пропишува претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство.

Член 48

Работна организација во електростопанството може да се основа ако покрај општите услови се обезбедува единство на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на електрична енергија.

Член 49

Работниците во електростопанството имаат право и должност дел од работната организација да ја организираат како основна организација под услови утврдени со Законот за здружениот труд и овој закон.

Член 50

Работна целина во електростопанството за производство на електрична енергија претставува дел од работната организација во која се остварува производство со објекти:

— на одредено речно подрачје со инсталирана моќност од најмалку 100 MW или ако објектот за производство на електрична енергија е единствен на речното подрачје и е со инсталирана моќност од најмалку 40 MW (хидроелектрична централа);

— на одредени лежишта, односно базени на јаглен, со инсталирана моќност од најмалку 100 MW или ако објектите во производството на електрична енергија користат течно, гасовито или нуклеарно гориво со инсталирана моќност од најмалку 100 MW (термоелектрични централи или термоелектрична топлана).

Речно подрачје од алинеја 1 став 1 на овој член е подрачјето на реките: Вардар, Црн Дрим со Радика, Црна Река и Треска.

Член 51

Работниците во електростопанството, во согласност со карактерот на процесот на трудот и со условите на трудот можат да го организираат производството на електрична енергија во работна единица — мала електрична централа во рамките на основната организација на здружениот труд за производство на електрична енергија.

Под мала електрична централа од став 1 на овој член се подразбира електрична централа со моќност до 15 MW која за производство на електрична енергија користи хидроенергија, соларна енергија, енергија на јаглен, ветер, енергија на биомаса или друг вид енергија.

Член 52

Работна целина во електростопанството за пренесување на електрична енергија претставува дел од работната организација во кој со електрични уреди и постројки со определено напонско ниво се остварува пренесување и распределување на електрична енергија на целата територија на Републиката.

Под електрични уреди и постројки за пренесување на електрична енергија, од став 1 на овој член се подразбираат, преносните далноводи од напонско ниво од 110 kV и повисоко напонско ниво, кои ги поврзуваат постројките за распределување на електричната енергија во Републиката и служат како врска меѓу електроенергетскиот систем на СР Македонија и електроенергетските системи на другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини и соседните земји.

Под електрични уреди и постројки за распределување на електрична енергија од став 1 на овој член се подразбираат постројките за распределување на електрична енергија од напонско ниво од 110/35 kV и повисоко напонско ниво, на кои се приклучени преносните далноводи од став 2 на овој член, далноводите на директните корисници и далноводите на дистрибутивната електрична мрежа.

Под директни корисници на електрична енергија од став 3 на овој член се подразбираат корисниците на електричната енергија кои непосредно се поврзани на постројките за пренесување на електрична енергија.

Член 53

Работна целина во електростопанството за дистрибуција на електрична енергија претставува дел од работната организација во кој со електрични уреди и постројки со определено напонско ниво се остварува дистрибуција и распределување на електрична енергија на одредено територијално подрачје во кое се обезбедува функционална поврзаност и услови за рационална организираност на дистрибуцијата на електрична енергија, а потрошувачката на електрична енергија изнесува најмалку 600 GWh годишно.

Под електрични уреди и постројки за дистрибуција на електрична енергија, од став 1 на овој член, се подразбира дистрибутивната електрична мрежа од напонско ниво 11 kV, 35 kV, 20 kV, 10 kV и 0,4 kV, која ги поврзува распределителните уреди и постројки за пренесување на електрична енергија со распределителните дистрибутивни уреди и постројки, малите електрични централи и дистрибутивните корисници на електрична енергија.

Под електрични уреди и постројки за распределување на електрична енергија, од став 1 на овој член, се подразбираат распределителните уреди и постројки од напонско ниво 110/35 kV и пониско напонско ниво, на кои е приклучена дистрибутивната електрична мрежа од став 2 на овој член и дистрибутивните корисници на електрична енергија.

Под дистрибутивни корисници на електрична енергија од ставовите 2 и 3 на овој член се подразбираат корисниците на електрична енергија кои со своите основни средства се приклучени на дистрибутивната електрична мрежа или на распределителните уреди и постројки за дистрибуција на електрична енергија.

Член 54

Производство на електрична енергија може да се организира во работна единица — мала електрична централа, во рамките на основната организација на здружениот труд за дистрибуција на електрична енергија, ако со оглед на подрачната лоцираност на малата електрична централа не постојат технички, економски и организациони услови за нејзино организирање во смисла на член 51 од овој закон.

б) Производство, преработка и промет на јаглен

Член 55

Организациите на здружениот труд кои вршат производство, преработка и промет на јаглен, се должни да ги извршуваат своите обврски спрема корисниците согласно со утврдениот енергетски биланс и општите услови за испорака на јаглен.

Член 56

Снабдувањето со јаглен не може да се запре на корисниците кај кои прекинот во испораката би ги довел во опасност животот и здравјето на луѓето или би предизвикал поголеми нарушувања во стопанството на Републиката.

Со општите услови за испорака на јаглен се определуваат корисниците од став 1 на овој член

Член 57

Електричните централи, поголемите корисници на јаглен од член 79 став 2 на овој закон и прометните организации на јаглен се должни да обезбедат постојани залихи на јаглен во своите депонии, според проектот на соодветната организација на здружениот труд, односно количество потребно за најмалку петнаесетдневната работа на проектираните капацитети во најнеповолен зимски период.

в) Производство, преработка, транспорт и промет на нафта, деривати на нафта и природен гас

Член 58

Организациите на здружениот труд кои вршат производство, преработка, транспорт и промет на нафта, деривати на нафта и природен гас се должни меѓусебно и со корисниците да ги усогласуваат плановите и програмите за изградба на енергетските објекти и постројки, технологијата и организацијата на производство и испорака на нафтените деривати и природниот гас, како и експлоатацијата и одржувањето на енергетските објекти, постројки, уреди и инсталации, со што се обезбедува рационално ко-

ристење на енергетските објекти, постројки, уреди и инсталации и уредно и трајно снабдување на корисниците со нафтени деривати и природен гас.

Член 59

Гасоводниот систем на Републиката е единствена технолошка и економска целина што ја сочинуваат дејностите: производство, преработка, транспорт и дистрибуција на природниот гас на територијата на Републиката.

Гасоводниот систем на Републиката е составен дел на гасоводниот систем на Југославија.

Член 60

Меѓусебните односи на организациите поврзани во репродукциониот процес на производство, преработка, транспорт и промет на нафта, деривати на нафта и природен гас, се уредуваат со самоуправна спогодба.

Со самоуправната спогодба од став 1 на овој член се уредува особено: начинот на извршување на работите со кои се остварува производство, преработка, транспорт и промет на нафта и деривати на нафта, односно функционирање на гасоводниот систем и одговорноста за нивно извршување, начинот на усогласување на развојот, начинот и условите за обезбедување и унапредување на организацијата на работењето, следењето и анализирањето на остварувањето на билансите на сурова нафта, деривати на нафта и природен гас и правата, обврските и одговорностите за обезбедување на квалитетно и континуирано производство и испорака на деривати на нафта и природен гас на корисниците.

Член 61

Организациите на здружениот труд кои вршат производство, преработка, транспорт и промет на деривати на нафта и природен гас се должни да ги извршуваат своите обврски спрема корисниците согласно со утврдениот енергетски биланс и општите услови за испорака на дериватите на нафта и природен гас.

Член 62

Организациите на здружениот труд кои вршат промет на деривати на нафта, во случај на недостиг, предизвикан поради планирано или вонредно одржување на објектите, уредите и постројките кај производителите од кои се врши обезбедување на овие енергенти, се должни да преземат навремени мерки за обезбедување на најнеопходните количества деривати на нафта за снабдување на корисниците од други производители во земјата или од увоз.

Член 63

Снабдувањето со деривати на нафта не може да се запре на корисниците кај кои прекинот во испораката би го довел во опасност животот и здравјето на луѓето или би предизвикал поголеми нарушувања во стопанството на Републиката.

Со општите услови за испорака на деривати на нафта се определуваат корисниците од став 1 на овој член.

г) Производство, пренесување и дистрибуција на топлинска енергија

Член 64

Производството, пренесувањето и дистрибуцијата на топлинската енергија до крајниот корисник сочинуваат единствен технолошки и економски систем за подрачје на населено место или за дел од населеното место.

Член 65

Организацијата на здружениот труд може заедно со топлинска енергија да произведува и друг вид енергија, заради целосно искористување на капацитетите, уредите и постројките или заради поголемо искористување на енергетските суровини во производството на топлинска енергија.

д) Други видови енергија

Член 66

Организациите на здружениот труд чија дејност е од таква природа што технолошки овозможува користење на сончева енергија, енергија на ветер, енергија на биомаса и други видови енергија, се должни да изготват елаборат од кој ќе се согледаат економските и еколошките ефекти од користењето на овие видови енергија.

Член 67

Општествено-политичките заедници, Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија и организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се должни со планирање и програмирање на развојот, како и со преземање на други активности и мерки да го поттикнуваат користењето на другите видови енергија.

III. ЗАШТИТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ И НА ЕНЕРГЕТСКИОТ ПРОСТОР

Член 68

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката и корисниците на енергија се должни да преземаат мерки на заштита на своите енергетски објекти, уреди и постројки во согласност со посебни прописи.

Член 69

Не е дозволена изградба и изведување на други работи под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на соодветниот вид енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Ако изведувањето на работите од став 1 на овој член е неопходно и од привремен карактер, организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката е должна да издаде согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето, со која ги определува и потребните заштитни мерки на објектите, уредите и постројките Трошоците за преземање на заштитни мерки ги сноси изведувачот на работите

Член 70

Заради обезбедување непречено користење на објектите, уредите и постројките за производство, пренесување и дистрибуција, односно испорака на енергија, организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката може за време на поставувањето, користењето или одржувањето на објектите, уредите и постројките, со претходна согласност на сопственикот односно корисникот на недвижноста, да го користи правото за премин преку недвижноста со соодветен надоместок

По исклучок од став 1 на овој член организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката, заради редовно и непречено снабдување на корисниците со енергија, може во итни случаи (појава на дефекти опасни по безбедноста на луѓето и имотот и слично) да го користи правото на премин без претходна согласност на сопственикот, односно корисникот на недвижноста.

Ако при остварување на правото од став 2 на овој член настане штета, организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката е должна да ја надомести штетата во согласност со општите прописи за надоместок на штетата.

Член 71

Заради наменско користење на енергетскиот простор и негова заштита од користење за неенергетски намени, со просторните и урбанистичките планови, тој простор се предвидува за енергетска намена.

Под енергетски простор од став 1 на овој член се подразбира лежиштето на енергетските суровини

и ресурси, просторот на кој е изграден или се планира да се изгради објект или постројка за производство, пренос, преработка, акумулација, конверзија, ускладиштување или дистрибуција на енергија, како и просторот за депонирање на отпадните производи добиени при производството и користењето на соодветен вид енергија.

IV. ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА ОД ШТЕТНОТО ВЛИЈАНИЕ ПРИ РАБОТАТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ

Член 72

Под заштита на човековата околина во смисла на овој закон се подразбира избор на технологија и преземање на техничко-технолошки мерки и други активности за спречување или ограничување на емисијата на гасовити и течни материи, бучавата и цврстите отпадоци што настануваат во процесот на работата на енергетските објекти, постројки и уреди, а штетно се одразуваат врз природните својства на земјиштето, водата и воздухот, здравјето на луѓето и опстанокот на растителниот и животинскиот свет.

Член 73

Заради заштита на човековата околина, при изградба на нови енергетски објекти и реконструкција на постојните, инвеститорот е должен во техничката документација да ги предвиди и разработи технологијата и другите техничко-технолошки мерки и активности за спречување на загадувањето на земјиштето, водите и воздухот.

Член 74

Организациите на здружениот труд кои произведуваат енергија и енергетски суровини, како и организациите на здружениот труд корисници на енергија и други корисници на енергија, кои во процесот на производството или користењето на енергија и енергетските суровини создаваат гасовити, течни и цврсти отпадни материи и бучава, се должни преку сопствени служби или овластени стручни организации да ги следат и евидентираат количествата на гасовитите материи што се емитуваат во воздухот, материите што се испуштаат преку отпадните води — ефлуентот и цврстите материи што се депонираат во земјиштето, како и јачината на бучава што се емитува во поблиската и пошироката околина на енергетските објекти.

Доколку отпадните материи и бучавата од став 1 на овој член се создаваат во количества над максимално дозволените граници пропишани со закон, организациите на здружениот труд се должни да преземат техничко-технолошки и други мерки и активности, отпадните материи и бучавата да ги сведат во рамките на пропишаните норми.

V. ШТЕДЕЊЕ, РАЦИОНАЛНО ПРОИЗВОДСТВО И КОРИСТЕЊЕ И СУПСТИТУЦИЈА НА ЕНЕРГИЈА

Член 75

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката и организациите на здружениот труд корисници на енергија се должни да донесат програми за штедење, рационално производство и користење и супституција на енергија и да обезбедат нивно спроведување.

Под штедење на енергија, во смисла на овој закон се подразбира употреба на енергијата на начин и во количество неопходно за остварување на процесот на производството со најмала потрошувачка на енергија по единица производ, а во широката потрошувачка со најмала потрошувачка на енергија да се остварат работите за кои е наменета.

Под рационално производство и користење на енергија, во смисла на овој закон, се подразбира иновирање на постојните технологии и воведување на нови, со цел за поекономично производство, испорака и потрошувачка на одделни видови енергија, односно трансформација на еден облик на енергија во друг.

Под супституција на енергија, во смисла на овој закон, се подразбира замена на скапата енергија со поевтина, на увозните енергетски суровини со домашни, на дефицитираните енергетски видови со други кои ги има на располагање во доволно количество во Републиката и земјата.

Член 76

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува долгорочни и среднородни програми за штедење, рационално производство и користење и супституција на енергија во Републиката

Член 77

Организациите на здружениот труд кои изработуваат техничка документација за изградба на објекти, се должни во техничката документација да предвидат современи техничко-технолошки решенија и опрема со кои ќе се обезбеди рационално производство, користење и штедење на енергија.

Техничката документација од став 1 на овој член содржи посебен елаборат за потребите од енергија, како и решенија за рационално производство, користење и штедење на енергија и за можностите за користење на други алтернативни извори на енергија.

Член 78

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се должни да извршат избор на најповолните технички решенија за изградба на енергетските објекти и за користење на енергетските извори, со кои се обезбедува рационално производство на енергија и користење на енергетските извори.

Корисниците на енергија се должни да извршат избор на најповолни технички решенија за изградба на своите енергетски објекти како и за вградување на постројки и уреди со кои ќе се обезбеди најрационално користење на енергија.

Член 79

Организациите на здружениот труд се должни да водат посебна евиденција за набавените и потрошените количества на сите видови енергија и да вршат анализи за ефикасното користење на енергијата во рамките на своето работење.

Член 80

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се должни до Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство да доставуваат месечни, тримесечни и годишни извештаи, а за електричната енергија и дневни извештаи за остварено производство, набавка и испорака на енергија на корисниците и за состојбата на залихите. Производителите на електрична енергија во извештаите ги наведуваат и количествата на гориво потрошени за производство на електрична енергија, а производителите на нафтени деривати, количествата на нафта употребена за преработка.

Месечните извештаи од став 1 на овој член се доставуваат во рок од 8 дена, а тримесечните и годишните во рок од 15 дена по истекот на извештајниот период.

Член 81

Организациите на здружениот труд поголеми корисници на енергија, се должни до Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство да доставуваат месечни, тримесечни и годишни извештаи за остварената потрошувачка на сите видови енергија во организацијата и за состојбата на нивните залихи, како и за остварено производство и извршените услуги.

Како поголеми корисници на енергија од став 1 на овој член се сметаат организациите на здружениот труд чија годишна потрошувачка на енергија изнесува и тоа: на електрична енергија над 10 милиони KW ч, на јаглен — над 10.000 тони, на кокс

— над 1.000 тони, на мазут — над 3.000 тони, на природен гас — над 5 милиони m^3 и на дизел гориво, моторни бензини или пропан-бутан над 3.000 тони

Организациите на здружениот труд чија годишна потрошувачка на било кој вид енергија е пониска од количеството од ставот 2 на овој член, се должни до Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство да доставуваат годишни извештаи за потрошувачката на сите видови енергија во организацијата и за состојбата на нивните залихи, како и за оствареното производство и извршените услуги.

Месечните извештаи за остварената потрошувачка на одделни видови енергија се доставуваат во рок од 8 дена, а тримесечните и годишните во рок од 15 дена по истекот на извештајниот период.

Член 82

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката и организациите на здружениот труд корисници на енергија, се должни извештаите за оствареното производство, набавка и испорака на енергија, односно за остварената потрошувачка на одделни видови енергија и за состојбата на нивните залихи да ги доставуваат во роковите утврдени со член 79 и 80 од овој закон и до Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, заради следење на остварувањето на годишниот енергетски биланс на Републиката

Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија врз основа на извештаите од став 1 на овој член ја анализира состојбата за извршување на енергетскиот биланс на Републиката и за тоа по потреба, а најмалку секои три месеци го известува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 83

Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство врз основа на извештаите од член 79 и 80 на овој закон ја анализира реализацијата на програмите за штедење, рационално производство и користење и супституција на енергија во текот на годината и за тоа по потреба, а најмалку еднаш годишно го известува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 84

Организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници и другите организации и заедници и органи кои трошат течни горива повеќе од 1.000 тони годишно, се должни да донесат програма за делумна или потполна замена на овие горива со домашни видови енергија, ако за тоа постојат техничко-технолошки, економски и еколошки услови.

Ако организациите, заедниците и органите од став 1 на овој член сметаат дека не постојат техничко-технолошки, економски и еколошки услови за супституција, за тоа ја известуваат комисијата која ја формира републичкиот орган на управата надлежен за работите на енергетиката, која донесува конечна одлука.

VI. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА

Член 85

Посебниот општествен интерес во вршењето на дејностите и работите во областа на енергетиката се остварува преку потврдување на самоуправната спогодба за основање и на статутот и со давање согласност на други општи акти на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, со давање согласност на одредбите на самоуправната спогодба за здружување и статутот на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката, што се од значење за остварување на посебниот општествен интерес во вршењето на дејноста и со учество на претставниците на општествената заедница во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес во организациите на здружениот труд од областа на енергетиката

Член 86

Самоуправната спогодба за основање и Статутот на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија ги потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

На програмите за развој на енергетиката на Републиката, долгорочните и среднорочните енергетски биланси на Републиката и на општите услови за испорака на соодветен вид енергија, согласност дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 87

На тарифните системи и тарифните ставови за испорака на енергија, годишните енергетски биланси на Републиката, критериумите за утврдување општ недостиг на соодветен вид енергија и за редоследот и начинот на обезбедување на корисниците со енергија во услови на недостиг, согласност дава Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 88

Како работи од посебен општествен интерес во чие одлучување учествуваат и преставници на општествената заедница во организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се:

— донесување на плановите и програмите за работа и развој;

— донесување на статутот;

— донесување на одлуки за промена на дејноста;

— утврдување на основните намени за користење на средствата;

— утврдување на основните услови за стекнување на доходот и работењето;

— донесување на енергетските биланси;

— усвојување на годишните извештаи за реализација на плановите за изградба на енергетски објекти и за користење на средства наменети за инвестиционо вложување;

— именување и разрешување на работоводниот орган;

— утврдување на програми и мерки кои произлегуваат од подготовките за општонародна одбрана и општествена самозаштита.

За работите од став 1 на овој член се одлучува со мнозинство гласови и на претставниците на општествената заедница.

Член 89

Во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес во организациите на здружениот труд од областа на енергетиката, учествуваат претставници на основачот, општествено-политичките заедници, општествено-политичките организации, месните заедници и на други заинтересирани организации и заедници (претставници на општествената заедница).

Составот, бројот, времето и начинот на учеството на претставниците на општествената заедница, освен на претставниците на општествено-политичката заедница, во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес, се утврдува со статутот на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката.

Собранието на општината го определува бројот на претставниците што ги именува во организациите на здружениот труд од областа на енергетиката од подрачјето на општината на кое се наоѓа седиштето на организацијата.

Ако организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката врши работи на подрачје на повеќе општини, претставниците на општината ги именува собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата по претходно мислење од собранијата на општините на чии подрачја организацијата на здружениот труд врши дејност.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија го определува бројот на претставниците на Републиката што ги именува во организациите на здружениот труд од областа на електростопанството, производството, преработката на нафта и деривати на нафта и производството, транспортот и дистрибуцијата на природен гас.

Член 90

Согласност на одредбите на самоуправната спогодба за здружување и на статутот на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката што се однесуваат на дејноста на организацијата, донесувањето на плановите и програмите за работа и развој, основните намени за користење на средствата, начинот на одлучување на претставници на општествената заедница и начинот на именување на работоводен орган дава собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката, а на организациите на здружениот труд од областа на електростопанството, производството, преработката на нафта и деривати на нафта и производството, транспортот и дистрибуцијата на природен гас и на основните организации во нивен состав, дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 91

Конкурсната комисија за именување на работоводен орган во организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се образува според општите прописи кои важат за составот на конкурсната комисија во организациите на здружениот труд.

Во организациите на здружениот труд од областа на електростопанството, производството, преработката на нафта и деривати на нафта и производството, транспортот и дистрибуцијата на природен гас и во основните организации на здружениот труд во нивен состав, конкурсната комисија за именување на работоводен орган се состои од осум членови од кои по два члена именува органот на управување на организацијата на здружениот труд, основната организација на синдикатот. Синдикатот на работниците од индустријата и рударството и Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 92

Согласност на одлуката за именување на работоводниот орган на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката дава собранието на општината, а за организациите на здружениот труд од електростопанството. производството, преработка на нафта и деривати на нафта, производството, транспортот и дистрибуцијата на природен гас, дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија

Член 93

Ако Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија не донесе програма за развој на енергетиката на Македонија и општите услови за испорака на соодветен вид енергија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, до нивното донесување, донесува одлука со која привремено се уредува тоа прашање.

Член 94

Ако годишниот енергетски биланс на Републиката, тарифните системи и тарифните ставови за испорака на енергија и критериумите за определување на општ недостиг на соодветен вид енергија и за редоследот и начинот на обезбедување на корисниците со енергија во услови на недостиг не се донесат или пропишаните мерки за испорака на енергија во услови на недостиг не се преземат, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија до донесувањето на овие акти, односно до преземањето на мерките, ќе ги уреди овие прашања, односно ќе пропише ограничување на испораката како привремена мерка.

VII. НАДЗОР

Член 95

Надзор над законитоста на работата на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката врши собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата, а надзор над законитоста на работата на организациите на здружениот труд од областа на електростопанството и производството, преработката, транспортот и прометот на нафта, деривати на нафта и природен гас, како и на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, врши Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 96

Ако самоуправната спогодба за здружување, статутот или друг самоуправен општ акт на организациите на здружениот труд од областа на енергетиката не е во согласност со Уставот, односно е во спротивност со закон, собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата, а за организациите на здружениот труд од електростопанството и производството, преработката, транспортот и прометот на нафта, деривати на нафта и природен гас, како и на Самоуправната интересна заедница за енергетиката на Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, имаат право да го запрат од извршување таквиот акт во согласност со закон.

Член 97

Надзор над примената на овој закон, другите прописи и општи акти, стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитет од областа на енергетиката, вршат општинските органи на управата надлежни за работите на енергетика и рударство и Републичкиот инспекторат за техничка инспекција, ако одделни работи од тој надзор не се ставени со закон во надлежност на друг инспекциски орган.

Член 98

Републичкиот инспекторат за техничка инспекција, покрај работите утврдени со прописите за електроенергетската инспекција, врши надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти, стандарди, технички нормативи и нормите на квалитет кои се однесуваат особено на:

— функционалните испитувања, пробната работа и користењето на објектите, постројките, уредите и инсталациите кај производителите и корисниците на електрична енергија, кај организациите што се занимаваат со пренесување и дистрибуција на електричната енергија;

— производството на електротехнички материјали и опрема;

— примена на техничките услови и прописи за испорака на електрична енергија, посебно во поглед на квалитетот, прекините и ограничувањата во испораката;

— примената на техничките прописи за термичка изолација на објектите, уредите и инсталациите;

— рационалното користење и штедење на електрична енергија;

— стручната оспособеност на работниците што вршат проектирање, изградба, надзор, ракување и одржување на електроенергетските објекти, постројки, уреди и инсталации.

Член 99

Републичкиот инспекторат за техничка инспекција. покрај работите утврдени со прописите за инспекцијата на парни котли, врши надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти, стандарди, технички нормативи и нормите на квалитет, кои се однесуваат особено на:

— техничката исправност и сигурност, пробната работа и користењето на парните котли, котли за врела вода, топловодните и термомаслените котли, подвижните и стабилните садови под притисок, гасоводните и нафтоводните мрежи, мрежи за водена пареа, врела и топла вода;

— примената на техничките прописи за термичка изолација на објектите, уредите и инсталациите;

— рационалното користење и штедење на топлинската енергија и енергијата на цврсти, течни и гасовити горива;

— стручната оспособеност на работниците што вршат проектирање, изградба, надзор, ракување и одржување на објектите, постројките, уредите и инсталациите од алинеја 1 на овој член.

Член 100

Републичкиот инспекторат за техничка инспекција врши надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти, стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитет, што се однесуваат на експлоатацијата на енергетските суровини според прописите за истражување и експлоатација на минерални суровини.

VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 101

Со парична казна од 500.000 до 5.000.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката ако:

1. раководењето, надзорот и ракувањето со одредени енергетски постројки и уреди го вршат работници кои не ги исполнуваат условите во поглед на стручната подготовка, работното искуство и немаат положено стручен испит (член 22, 23 и 24);

2. нејзините објекти, постројки, уреди и инсталации не ги исполнуваат условите утврдени со прописите и техничките нормативи за соодветниот вид енергија со кој се обезбедува непречена испорака на енергија во договореното количество, моќност и континуитет, како и безбедноста на луѓето и имотот (член 28);

3. го приклучи корисникот и му испорача енергија од енергетскиот систем без издадена енергетска согласност, или ако не го приклучи, а ги исполнува условите и има енергетска согласност (член 29);

4. за привремениот прекин на испораката на енергија не го извести корисникот за денот и часот на прекинот (член 31 став 3);

5. со техничката документација не предвиди и не ја разработи технологијата и другите техничко-технолошки мерки и активности за спречување на загадувањето на земјиштето, водите и воздухот (член 73);

6. преку сопствени служби или овластени стручни организации не ги следи и евидентира количествата на гасовитите материи, што се емитуваат во воздухот, материите што се испуштаат преку отпадните води и цврстите материи што се депонираат во земјиштето, како и на јачината на бучавата што се емитува во поблиската и пошироката околина на енергетските објекти и ако не преземе техничко-технолошки и други мерки и активности отпадните материи и бучавата да се сведат во рамките на пропишаните норми (член 74).

Со парична казна од 50.000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице на организацијата на здружениот труд што врши дејност во областа на енергетиката.

Член 102

Со парична казна од 500.000 до 5.000.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружениот труд или друго општествено правно лице ако:

1. неговите енергетски објекти, уреди и инсталации не ги исполнуваат условите утврдени со прописите и техничките нормативи за соодветен вид енергија со кои се обезбедува непречено користење на енергија во договореното количество, моќност и континуитет и безбедност на луѓето и имотот (член 28);

2. со користењето на своите енергетски објекти, уреди и инсталации го загрозува животот или здравјето на луѓето или го загрозува имотот (член 34 алинеја 1);

3. во рокот кој го утврдил органот на управата надлежен за инспекција во областа на енергетиката не ги отстрани недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации (член 34 алинеја 2);

4. без согласност на испорачателот изврши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетскиот систем, односно ако преку своите објекти, уреди или инсталации овозможи приклучување на друг корисник (член 34 алинеја 3);

5. оневозможи правилно евидентирање на потрошената енергија или ако ја користи енергијата без мерни уреди или со мерни уреди кои не се договорени (член 34 алинеја 4);

6. на овластените лица им одбие или оневозможи пристап до сите делови на приклучокот, до заштитните и мерните уреди и до енергетските објекти, уреди и инсталации за кои постои сомнение дека се причина за појавените пречки во испораката (член 34 алинеја 5);

7. согласно со општите услови за испорака на енергија не ја усогласи потрошувачката според предвидените ограничувања за потрошувачка на соодветен вид енергија во случај на негов недостиг (член 38 алинеја 4, а во врска со член 33 алинеја 3);

8. со техничката документација да предвиди и не ја разработи технологијата и другите техничко-технолошки мерки и активности за спречување на загадувањето на земјиштето, водите и воздухот (член 73);

9. преку сопствени служби или овластени стручни организации не ги следи и евидентира количествата на гасовитите материи, што се емитуваат во воздухот, материите што се испуштаат преку отпадните води и цврстите материи што се депонираат во земјиштето, како и на јачината на бучавата што се емитува во поблиската и пошироката околина на енергетските објекти и ако не преземе техничко-технолошки и други мерки и активности, отпадните материи и бучавата да се сведат во рамките на пропишаните норми (член 74).

Со парична казна од 50.000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго општествено-правно лице.

Член 103

Со парична казна од 20.000 до 200.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд од областа на енергетиката ако:

1. на корисниците не им обезбеди енергија во согласност со енергетскиот биланс и во договорените количества, квалитет, рокови и цена (член 15);

2. на корисникот му ја прекине испораката на енергија без претходно писмено известување, договарање, односно предупредување (член 31 став 3, член 32 и 33);

3. не го приклучи корисникот на енергетскиот систем кога ќе се утврди дека испораката на енергија неосновано му е прекината (член 35).

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд од областа на енергетиката.

Член 104

Со парична казна од 50.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или друго општествено правно лице ако:

1. гради или изведува работа под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки спротивно на одредбите од член 69;

2. во итни случаи за одржување на енергетски објекти, постројки и уреди не дозволи премин преку недвижноста што ја користи (член 70, став 2).

Со парична казна од 10.000 до 60.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго општествено правно лице.

Член 105

Со парична казна од 20.000 до 200.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружениот труд и друго општествено-правно лице ако:

1. во утврдениот рок не го донесе годишниот енергетски биланс за наредната година (член 20 став 2);

2. во утврдениот рок не донесе програма за штедење, рационално производство и користење и супституција на енергија, како и не обезбеди нејзино спроведување (член 75 и член 117);

3. не води евиденција за набавените и потрошените количини енергија (член 79);

4. во пропишаниот рок не ги достави извештаите за оствареното производство, набавка, испорака и потрошувачка на енергија (член 80 и 81);

5. во пропишаниот рок не донесе програма за делумна или потполна замена на течни горива со домашни видови на енергија (член 84 и член 117).

Со парична казна од 10.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго општествено-правно лице.

Член 106

Со парична казна од 50.000 до 150.000 динари ќе се казни за прекршок поединец што самостојно врши дејност со личен труд ако изврши некое од дејствијата од член 101 став 1 точка 1, а во врска со член 14, член 102 став 1 точка, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од член 104 став 1 точка 1 и 2 на овој закон.

Член 107

Со парична казна од 100.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок граѓанско правно лице ако изврши некои од дејствијата од член 101 став 1 точка 1, а во врска со член 14, член 102 став 1, точка 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од член 104 точка 1 и 2 од овој закон.

Со парична казна од 20.000 до 60.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во граѓанското правно лице.

Член 108

Со парична казна од 10.000 до 60.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице ако изврши дејствие од член 102, став 1 точка 1 на овој закон

Член 109

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице ако изврши некое од дејствата од член 102 став 1 точките 2, 3, 4, 5 и 6 од член 104 точките 1 и 2 на овој закон.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 110

Организациите на здружениот труд од областа на енергетиката се должни да ја усогласат својата организација и работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 111

Работниците кои немаат положено стручен испит, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон работат на определени работи и задачи за кои е услов положен стручен испит, продолжуваат да работат на тие работи и задачи до полагање на стручниот испит, а најдолго две години од влегувањето во сила на овој закон.

Обврската од став 1 на овој член не се однесува на работниците кои до денот на влегувањето во сила на овој закон најмалку пет години работеле на работи на раководење, односно ракување со енергетски објекти, уреди и постројки.

Член 112

Работниците што на денот на влегувањето во сила на овој закон работат на работи од членовите 22, 23 и 24 на овој закон, а немаат соодветна стручна подготовка продолжуваат да ги вршат овие работи, ако имаат најмалку осум години работно искуство на тие работи и положен стручен испит.

Член 113

Поблискиот пропис од член 26, Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство ќе го донесе во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 114

Општите услови за испорака на соодветен вид енергија, од член 38 на овој закон, Собранието на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија ќе ги пропише во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 115

Поблискиот пропис од член 47 став 3 на овој закон ќе го донесе претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 116

Организациите на здружениот труд од член 66 на овој закон, се должни во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон да изготват елаборат за економските и еколошките ефекти од користењето на другите видови енергија.

Член 117

Организациите на здружениот труд од член 75 односно организациите, заедниците и органите од член 84 на овој закон, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да донесат програми за штедење, рационално производство, потрошувачка и супституција на енергија, односно програма за делумна или потполна замена на течните горива со домашни видови енергија.

Член 118

Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија е должна да ја усогласи својата организација и работење во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

Член 119

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за електростопанство („Службен весник на СРМ“ број 10/78, 42/82 и 29/83).

Член 120

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

737.

Врз основа на член 86 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ“ бр. 26/84) и член 67 од Деловникот на Претседателството на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 32/82), Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 октомври 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА И ЗА НИВНОТО ИМЕНУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување („Службен весник на СРМ“ бр. 19/86 и 30/86) во член 1 бројот „15“ се заменува со бројот „17“.

Член 2

Во членот 3, став 2, по точката 10 се додава нова точка „10-а“ која гласи:

„10-а. Иван Зеленковски, претседател на РК СРВСМ“.

Точката 13 се менува и гласи:

„13. Иван Бан, началник на Штабот на Скопската армиска област“.

Во точката 15 зборот „потсекретар“ се заменува со зборот: „заменик“, а зборот „секретаријат“ со зборот „секретар“.

По точката 15 се додава нова точка 16 која гласи:

„16. Ѓорѓи Зарински, заменик на републичкиот секретар за народна одбрана, воедно заменик на секретарот на Советот за народна одбрана“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 08-875
28 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

738.

Врз основа на член 87, став 2 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд и со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ“, бр. 30/87) и член 191, став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/81), републичкиот секретар за општостопански работи и пазар, по претходно добиено мислење од Стопанската комора на Македонија, донесе

ПРАВИЛНИК

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ СО КОИ РАБОТНИОТ ЧОВЕК СО ЛИЧЕН ТРУД И СО СРЕДСТВА НА ТРУДОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ МОЖЕ ДА ВРШИ ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Член 1

Со овој правилник се определуваат производите во рамките на секоја група на производи утврдени во Номенклатурата на трговските струки и производи по трговските струки на Стопанската комора на Југославија („Гласник на Стопанската комора на Југославија и општите здруженија“ бр. 27/85) со кои работниот човек со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните може да врши промет на стоки на мало и тоа:

ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

I. Житарици и мелнички производи

1. Сите видови на лебни и други жита наменети за човечка исхрана, преработка или за крма, вклучувајќи го и оризот (пченица, 'рж, крупник, јачмен, овес, просо, хелда, пченка); 2. Мелнички производи од жита (брашно, гриз, гершла, трици, зобни снегулки); 3. Отпадоци и споредни производи при чистењето и манипулирањето со житата во земјоделството, трговијата и во индустриската преработка на житата (граорица, очинци, какол, сува џибра); 4. Соино брашно;

II. Зеленчук, овошје и нивни преработки

1. Свеж и сув зеленчук и плодови од мешунести растенија; 2. Арпаџик; 3 Свежо, суво и замрзнато овошје; 4. Јужно овошје; 5 Шумски плодови (печурки, боровинки, шишарки, храстов и буков желад, костен, шипки, јагоди, малини и капини); 6. Конзервиран зеленчук; 7. Месни конзерви со зеленчук, односно конзерви од зеленчук со месо и други смеси; 8. Преработки од зеленчук (концентрати, пире, сокови, црвен пипер); 9. Конзервирано овошје; 10. Преработки од овошје (пекмез, мармалад, желе, џем, компот, кандирано овошје, сукуси, пулпи од овошје и друго); 11. Овошни сокови и сукуси; 12. Овошен оцет; 13. Семки од овошје и зеленчук; 14. Мед, производи од мед; 15. Комиње од сливи, грозје и друго овошје; 16. Кокосово брашно;

III. Месо, живина и нивни преработки

1. Свежо и суво месо (месо од крупен и ситен добиток, свинско месо, месо од дивеч); 2. Свежа и сува сланина; 3. Маст и лој; 4. Месни преработки (салама, колбаси, крвавици, пршута, виршли, шваргла, џигерњача и сл). 5. Месни конзерви; 6. Внатрешнини (џигер, јазик, срце, мозок, бубрези, шкембиња); 7. Црева (сушени и солени); 8. Концентрирана супа; 9. Мешани конзерви од зеленчук и месо (месни конзерви со зеленчук); 10. Екстракти од месо; 11. Заклана живина; 12. Преработки од живина (сушено месо, свеж и конзервиран џигер, свинска маст, конзерви од живинско месо, живинска паштета); 13. Заклан дивеч (еребици, фазани, диви шатки и гуски, шљуки, препелици, зајаци, елени, срни, диви свињи, диви кози); 14. Заклани питоми зајаци; 15. Месо и преработки од живинско месо и дивеч;

IV. Риба и преработка од риба

1. Сите видови свежи, слатководни и морски риби; 2. Кавијар; 3. Рибни меури; 4 Рибни крлушки; 5. Рибно брашно; 6. Ракови; 7. Школки; 8. Брашно од школки (од месо и оклоп); 9. Полжави; 10. Жаби и месо од жаби; 11 Пијавици; 12. Сушена, солена и конзервирана риба и други преработки од риба; 13. Желки и јајца од желки; 14. Сите видови водни животни (планктони, водени влекачи и друго); 15. Сунѓери; 16. Шумски влекачи; 17. Мешани конзерви од зеленчук и преработки од риба и други производи од овој вид.

V. Алкохолни и безалкохолни пијалаци

1.Природни вина; 2. Вински дестилат и вињак; 3. Мошт (шира); 4. Природна ракија (комова, сливова и други овошни ракии); 5. Вештачка ракија; 6. Десертни и специјални вина (вермут, прошек, мадера и други вина од вакво производство, како и пенливи вина); 7. Жестоки пијалаци (рум, коњак, виски, бренди, џин, вотка, ликери); 8. Пиво; 9. Винска и овошна киселина; 10. Безалкохолни пијалаци; 11. Овошни сирупи (од малини, вишни, портокали, лимони и друго); 12. Овошни сокови и сукуси од грозје, јаболка, малини, вишни и друго; 13. Сода-вода, клакери, лимонада; 14. Минерални води; 15. Вински камен; 16. Есенција за правење ликери; 17. Винска и лимонска киселина; 18. Етил алкохол; 19. Вински талог; 20. Концентрирана шира; 21. Комиње од сливи, грозје и друго овошје; 22 Квас — екстракт растителен за производство на безалкохолни пијалаци; 23. Вода природна (негазирана); флаширана.

VI. Животни прехранбени продукти и предмети за куќни потреби

а) Животни намирници

1. Мелнички преработки од жита; 2. Ориз, јачмен, каши од просо и хелдина каша; 3. Снегулки од овес и слични производи; 4 Леб, печиво и други пекарски производи; 5. Кекс, вафли и други кондиторски производи; 6. Тестенини, двопек и презли; 7. Смрзнати теста, кори за пита; 8. Скроб и производи од скроб; 9. Квасец свеж и сув; 10. Прашок за печење, прашоци за пудинг, шлаг и сл. 11. Индус-

триски производи од слад; 12. Грав, грашок, сочиво, соја, гершла, афион, наут, конзервиран и сув зеленчук; 13. Соино брашно; 14. Шеќер и преработки врз база на шеќер; 15. Какао и преработки врз база на какао; какао путер; 16. Четен и таан алва; 17. Јадење од желатин; 18. Захарин и слични замени за шеќер; 19. Млеко свежо (пастеризирано и стерилизирано); млеко во лименки, млеко во прав; 20. Сите видови млечни производи (сирење, масло, кајмак, павлака, путер, кисело млеко, јогурт и друго); 21. Индустриски сладолед; 22. Конзервирано и сушено месо; индустриски месни преработки, сушена сланина; 23. Конзервирана, сушена и солена риба и преработки од риба; кавијар; 24. Свежи јајца, конзервирани јајца (меланж, жолчки, јајца во прав, белки во прав, жолчки во прав; варени јајца); 25. Маснотии (маст, маргарин и масло); 26. Маслинки; 27. Печурки сушени и свежи; 28. Кафе и сурогат на кафе; 29. Чаеви; 30. Зачини (бибер, лорбер, црвен пипер и друго); 31. Сенф, мајонез, хрен и сл.; 32. Конзервирано овошје и овошни преработки (компоти, мармалади, џемови, желе); кандирано и стивирано овошје; замрзнато овошје; 33. Јужно и домашно овошје (ореви, лешници, бадеми, рогачи, суво грозје, суви смокви, лимони, портокали, банани, кикиритки, суви сливи и друго сушено овошје); 34. Овошни сокови, овошни сирупи во оригинални пакувања; 35. Кокосово брашно; 36. Мед; производи од мед; 37. Концентрати на супи; 38. Зачини за колачи и слатко (ванила, цимет, ванилин шеќер, каранфилчиња, оревчиња, ким); 39. Есенции за правење ликер; 40. Гуми за џвакање; 41. Сириште во течност и прав; 42. Средства за конзервирање на животни намирници (салицил и друго); 43. Оцет и оцетна есенција; 44. Винска и лимонска киселина; 45. Сол; 46. Алкохолни и безалкохолни пијалаци во оригинални шишиња; 47. Конзерви од зеленчук и месо (готови јадења); 48. Ладно печено и поховано месо, разни готови салати во ринфус или пакувана состојба во соодветна амбалажа; 49. Смрзнат зеленчук; 50. Вода природна (негазирана) флаширана.

б) Домашни потреби

1. Сапуни (тоалетни и за перење облека); детергенти во течност и во прав; 2. Белила и плавила за облека, штирак; 3. Средства за чистење (вим и слични производи, шмиргла, прашоци и пасти); 4. Кремови и масти за обувки, паркет и други средства за чистење и негување на подови; 5. Графит и пасти за печки; 6. Пасти и четкички за нега на заби; 7. Ножиња за бричење, сапуни, кремови, пени за бричење, машини за бричење (вклучувајќи ги и оние на електричен погон); џепни огледала, чешли, четки, презервативи, цуцли, лосиони, колонски води и слични парфимериски производи; прибор за маникирање, педикирање; 8. Четки и метли за домаќинства; сунѓери и сл. производи за домаќинства; 9. Сунѓери од жица, жица за паркет; 10. Средства и прибор за уништување инсекти и глувци (пумпи и разни препарати за уништување инсекти; муволовки и стапици за глувци; 11. Галантериски производи за домаќинство (даска за месо и тесто, чепкалки, сукала и валјаци, дрвени лажици, чекани за месо, штипки за облека, славини дрвени и пластични и сл.); 12 Корпи и мрежи за домаќинствата; 13. Тоалетна хартија, салвети од хартија и крпи; 14. Sидна хартија, стелаш-хартија, дунст хартија, целофанска хартија; 15. Книжни и синтетички кеси; 16. Тетратки, блокови, пликови, хартија за пишување, џепни изданија на книги; 17. Моливи, гуми за бришење, пера, мастило; 18. Канап и јажиња за облека; 19. Врвци за обувки; 20. Затворачи од дрво, плута, синтетика и сл. 21. Сита за домаќинства; 22. Шишиња, тегли и балони за домаќинства, буриња од пластика за зимница и прибор; 23. Игли, конец и прибор за шиење; 24. Цигари, запалки и кремени; плин за запалки; 25. Електрични светилки; 26. Електрични, батериски лампи, батерии и светилки за нив; 27. Фитили, стакла и бренери за лампи; 28. Петролеј за осветлување, карбит, плин и друго; денатурисан шпиритус; 29.Бои за ткаенини и подови во мали оригинални пакувања, земјани бои во прав, бои за јајца; 30. Модар камен, рафија, средства за нега и заштита на цвеќиња, зеленчук и овошје (во мали пакувања за потребите на домаќинствата); 31. Вар, гипс, стакларски кит; 32. Дрвен брикетен јаглен; 33. Калцинирана, калиумова, амонијачна и натриумова сода; 34. Стипса; 35. Коломаст; 36. Сушени црева; 37. Свеќи парафински и восочни.

НЕПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

I. Текстилни производи, конфекција и производи од крзна, јажарска стока и јутени производи

1. Фото и кино-апарати (со или без тонско снимање); 2. Кино проектори, апарати за зголемување и копирање и епидиаскопи, диапроектори; 3. Делови прибор и потрошен материјал за кинопроектори (кино-јаглен, тон лампи, кино-огледала, ацетон и др.); 4. Фотографска хартија, плочи и филмови; 5. Фото хемикалии; 6. Фотографски прибор (моливи за ретуширање, пултови за сушење плочи, садови и резервоари за развивање, филтри за светлост, пултови, фаќачи); 7. Инструменти и апарати за потребите на наставата и научните истражувања и за професионална употреба (за математика, физика, геодезија, геологија, географија, метеорологија, биологија, оптика и сл.); и делови, прибор и потрошен материјал; 8. Оптички апарати (двогледи, микроскопи, теодолити); 9. Оптички инструменти (лупи, микрочитачи, поларизатори, колориметри); 10. Прибор и делови за фотографски и кино-апарати, оптички апарати и инструменти, дијапроектори; 11. Стручна фотографска литература; 12. Филмови за фотоапарати, кино-апарати, рентген и други апарати од оваа струка; 13. Очила и оптички стакла сите видови и прибор за очила; 14. Заштитни очила сите видови; 15. Штитници за ветар, прав и киселина; 16. Очила за сонце; 17. Сијалици за кинопроектори, дијапроектори и други апарати од оваа струка; 18. Рефлектори, сијалици и останат прибор за ноќно снимање (пултови, блиц апарати и друго); 19. Сочива и други делови за апарати и инструменти од оваа струка.

XVIII. Галантерија, бижутерија, базарска стока и играчки

1. Кожна, кожно-текстилна, кожно-хартиена и пластична галантерија (портмониња, карти, несесери, ранци, куфери, навлаки за куфери, чанти, торби, ракавици, појаси, трегери, подврски, табакери за цигари и кесиња за тутун; 2. Дрвена и метална галантерија, штипки за облека, закачалки, кутии; послужавници, даски и валјаци, даски и чекани за месо, соларници, цедалки, стапици за глувци, калапи за обувки, мали катанци, бравички, окови за куфери, клучеви и др.); 3. Предмети за личен конфор и лична употреба (прибор за коса и облека), прибор за пушење, копчиња, галантерија, предмети за тоалет, прибор за бричење и шишање, перорези, ножички, термоси, бастуни, чадори, туристички прибор, усни армоники, запалки, кремени, маникири, метра, патенти, пудриери и штитови за кармин; 4. Бои за ткаенини за домаќинство во кесички и бои за коса; 5. Украси и накити од неблагородни метали, стакло и други материјали (часовници, шноли, брошеви, прстени, ланчиња, гердани, керамички фигури, вештачко цвеќе, копчиња за манжетни, игли за вратоврски, манжетни); 6. Детски колички; 7. Санитарни и гумени производи и други средства за одржување на лична хигиена и гумена галантерија (термофори, презервативи, иригатори, цуцли, кеси за мраз, влошки, заштитни ракавици, пластични капи); 8. Детски играчки сите видови; 9. Друштвени игри (шах-гарнитури, карти за играње и друго); 10. Накит за китење новогодишни елки и елки за украсуавње; 11. Позаментарија; сите видови тантели, сите видови везови, сите видови галони, сите видови текстилни ленти, сите видови ластик (гумени ленти), амблеми, конци, свила за везење, хеклгарн, пелгарн, мулине и вуница за рачна работа и друга позаментерија; 12. Конци и прибор за шиење (напрстоци и игли); 13. Јадици; 14. Игли топуски и сигурници; 15. Филмови за фотоапарати; 16. Производи од книжна галантерија (блокови, салвети, брисачи, шамивчиња и друго); 17. Разни привезоци, украсни ситници за куќа, кола и лична употреба, магнетни украсни предмети (пепелници, пултови за палење и гаснење цигари, компаси, топломери, бричеви, држачи и друго).

XIX. Музички инструменти, прибор и музикалии

1. Дувачки музички инструменти, дрвени и лимени (флејти, кларинети, фаготи, труби и рогови, саксафони, мелодики, усни армоники и др.); 2. Гудачки музички инструменти (виолини, виоли, виолончела и басови); 3. Сите видови тамбури, гитари, мандолини, цитри, харфи; 4. Клавијатурни музички инструменти (хармониум, клавир, оргуљи, армоники, органи и сл.); 5. Музички инструменти за удирање (добоши, тимпани, тапани, дајрења); 6. Механички направи за свирење (чинела, тамбурини, кастањети, триаголници, ксилофони); 7. Жици, прибор и делови за сите музички инструменти, масла и масти и друго; 8. Разни музички детски играчки; 9. Музикалии (ноти, стручна музичка литература и музички периодични спасанија); 10. Нотна хартија, нотни тетратки и прибор за пишување ноти; 11. Појачало и електрични музички инструменти; 12. Микрофони; 13. Инструменти и прибор за основно музичко образование; 14.Грамофонски плочи и магнетофонски ленти; 15. Делови и прибор за производите од оваа струка.

XX. Парфимериски и козметички производи

1. Санитарни и козметички хемиски производи и препарати (тоалетни и медицински сапун, шампони, пасти и препарати за нега на заби, сапун и препарати за бричење, парфеми, тоалетни и мирисливи води, козметички кремови масла и лосиони, препарати за уста и руменила за лице, средства за спречување на мириси, депилатори, препарати за коса, препарати за маникирање и педикирање, пудра, глицерин за раце); 2. Санитарни текстилни производи (асептична и хидроскопна вата, завои, газа, влошки); 3 Санитарни гумени производи (цуцли, иригатори, презервативи, термофори, гумени ракавици за домаќинство, капи); 4. Очила за сонце; 5. Прибор за бричење (брич, апарати, четкички, ножиња за бричење, чиничиња, стипса); 6. Прибор за потстрижување (машини, ножици, чешли, разни берберски четки); 7. Прибор за маникирање и педикирање, несесери; 8. Друг прибор за одржување на лична нега и хигиена (пинцети, витлери, чешли, шноли за коса, четки за заби, четки за коса, раце и одела; сунѓери, пудриери, кутии за сапун и четкички, чаши за купатила, прибор за парфимирање и масажа); 9. Средства за чистење флеки; 10. Топломери; 11. Средства за дезинфекција и дезинсекција; 12. Вештачка коса и перики од вештачка коса; 13. Очила и оптички стакла сите видови и прибор за очила; 14. Заштитни очила сите видови; 15. Штитници за метал, прав и киселина; 16. Филмови за фото апарати; 17. Камен пудер; 18. Пластични капи за спреј; 19. Тоалетни прскалки.

XXI. Производи за спорт, лов, риболов и кампирање

1. Спортска облека и обувки со изразито спортски карактер (виндјакни, кошули, гаќички, блузи, чакшири, пуловери, џемпери, долами, капи, ски-одела, дресови, ракавици, тренерки, обувки за сите спортски дисциплини, како и специјални спортски обувки, чизми, каљачи, разни спортски патики и слично; 2. Спортски прибор од текстил (разни спортски јажиња, вреќи за спиење, спортски мрежи, ранци, торби и слично); 3. Спотрски прибор од кожа (костобрани, везови, разни топки, седла, торби, струњачи, запрежен и јавачки прибор и сл.); 4. Спортски прибор од метали (лизгалки, свирки, сабји, флорети, челични опруги и пера, пултови, термос боци, кутии за храна, дискови, везови и стапови за ски; 5. Спортски трофеи сите видови, (спортски значки, пехари, плакети); 6. Спортски прибор од дрво (ски, обрачи, палици, препони, ракети, столови за стони тенис, санки, ловечки столчиња, шах гарнитури, маси за шах, чамци, весла, кугли и кегли); 7. Штоперици и други мерни инструменти во спортот; 8. Спортски и други велосипеди, делови и прибор; 9. Спортски прибор од волна, гума и пластични материи (разни топки, патики); 10. Делови за спортски прибор и спортски знамиња; 11. Гимнастичко спортски справи, опрема реквизити и прибор изработени од еден материјал или во комбинација со разни материјали; 12. Друг спортски прибор (шпиритус, восок за ски, магнезиум, лак за ски, масло и маст за обувки и везови и слично); 13. Спортски гарнитури за храна, чутури и чаши на склопување, како и туристички решоа на шпиритус, бензин, плин и слично; дрвен јаглен и друго; 14. Расветни тела за кампување, соодветен прибор и делови; 15. Акумулатори, батерии, плински боци (празни и полни) и други средства и прибор за расветлување и за погон како извор на светлосна енергија и за разни решоа во камповите и на излети; 16. Шатори (со соодветна опрема и прибор) од разновиден материјал; 17. Кревети-лежаи, маси, столови и друг мебел за кампување (од метал, дрво, пластика и други материјали и комбинирани материјали); 18 Душеци, перничиња и други слични предмети за спорт, лов, риболов и кампирање, од гумирани платна, пластични маси, и други материјали; 19. Спортски, риболовни и други чамци и пловила, гумирани, од дрво, пластична маса и друг материјал или комбинирани материјали со соодветна опрема и прибор, со и без мотор; 20. Материјал и прибор за риболов (професионален или спортски); — материјал за одржување на чамци (средства за импрегнирање, коноп, бои и слично); — опрема за чамци (фенери и нивни делови, позициони светла, платна за едра, текстилни и челични јажиња или од пластичен материјал, котури, сигнални знамиња и национални, појаси за спасување, бродски, кујнски и санитарни уреди, весла, челични плочи); — прибор за лов (мрежи рибарски конец, најлон, парангали, врши, ости, јадици, игли за крпење мрежи, бои за мрежи, плута олово, пловки); — рибарска облека и обувки (гумирани и импрегнирани, мантили, капи, гумени чизми, ракави); 21 Материјал и прибор за спортски риболов (рибарски трски, јадици, лажливци, муви и други вештачки лажливци за риби); ситен јадичарски прибор: плутни чепови, олова — завртувачки; спортска рибарска опрема: рибарски чизми, ловечки столчиња, кошница за риби, мрежи за прифаќање; 22. Стручна литература од областа на спортот, риболовот и кампувањето; 23. Студено оружје (ловечки ножеви); 24. Масла и масти за подмачкување на оружје; 25. Ловечка опрема (облека и обувки за комплетирање на ловечката опрема); 26. Ловечки прибор за одржување и чистење на оружје, за изработка и полнење на муниција, за имитирање животински гласови, прибор за ловечки кучиња, ловечки замки и мрежи; 27. Хемиски средства за уништување на штетници и ѕверови (врани, волци, лисици) и за истерување дивеч; 28. Двогледи за монтажа на пушки и обични; 29. Украси од животински рогови, заби, влакна, перја (трофеи и галантерија) ,како и препариран дивеч; 30. Камп-куќички, приколки за чамци; 31. Стручна ловечка и кинолошка литература.

XXII. Земјоделска опрема и алати, вештачки ѓубрива, семенска стока и саден материјал

1. Алати за обработка на земја и нега на посевите (плугови, брани, вољци, тањирачи, мотокултиватори, ровалици, мотокопачи, мотофрези и др.); 2 Машини за ѓубрење и сеење (расипувачи, пумпи, бурења за ѓубре, распрскувачи на ѓубре, сеалки и направи за садање на сите земјоделски култури; 3. Машини за косење, жнеење и береење (косилки, жнеалки, самоврзувачи, комбајни, машини за берење на пченка, памук и лен, машини за вадење компири, репка, средства за врзување на самоврзувачки платна, покривки за самоврзувачи; машини за берење, сортирање и миење на овошје, машини за вадење на семки и рачки, машини за приготвување на пулпа); 4. Машини за приготвување сено (вили, гребла, завртувачи, преси за сено); 5. Машини за вршење, ронење и чистење (вршалки, елеватори, лупачки, ронилки, ветрилки, триери, селектори, сортирачи, глазирници, машини за вадење клици од пченка); 6. Машини за спречување на растителни болести и штетници (прскалки, запрашувачи, сулфурници, тапан за расрскување на семиња и други машини за дезинсекција); 7. Машини за приготвување добиточна храна (сечилки, прекрупници, мелници, чекичари, котли за миење, ронилки за пченка, машини за мешање на добиточна храна, сите други машини и уреди за приготвување на добиточна храна); 8. Машини за наводнување и вештачки дожд (центрифугални и други пумпи, цевки за наводнување, агрегати, комплетни постројки за вештачки дожд); 9. Машини за млекарство и прибор (комплетни постројки за млекарство, сепаратори, маталки, ладилници, преси за сирење и путер, пастеризатори, молзилници, канти за транспортирање млеко; машини за миење и машини за полнење шишиња и друга амбалажа; машини за пакување на млечни производи, други машини и машини за млекарство); 10. Погонски мотори за наведените машини, нивни прибор и делови; 11. Лозарско-овоштарски направи (преси за грозје, таложници, пумпи за вино, казани за печење ракија, сите видови прскалки, запрашувачи); 12. Опрема за визби; 13. Приклучни справи и машини за: трактори, приколки, булдожери и багери; 14. Резервни делови за наведената опрема и приклучни машини и опрема, вклучувајќи ги кугличните лежишта и гуми; 15. Цирадi за земјоделски машини; 16. Лозарски и овоштарски алат и прибор (пили, ножеви и ножици за режење и цепење, стругала за кора, челични четки, беречи за овошје, алат и направи за масларство, рафија, гумички за цепање, прибор за врзување на лози); 17. Прибор за нега и молзење на стоката (ножици за шишање, клешти и карики за бикови, чешалки, четки, потковици, чивии за потковици, звонци, доилки, опрема за молзење); 18. Земјоделски алат (мотики, будаци, крампови лопати, гребла, вили, коси, чекани, српови, брусеви, ножеви, ножици, пили, клешти и слично); 19. Средства за нега на вино: бентонит, азбест, калиев карбонат, калиум метабисулфит, желатин; 20. Вештачки ѓубрива (азотни, калиеви, фосфатни и мешани); 21. Прибор за пчеларство; 22. Запрежни возила и прибор за земјоделството; 23. Опрема и прибор за живинарството (инкубатори, ламби, контролни гнезда, комплетни живинарници); 24. Линии за миење, сушење, полнење, затворање и етикетирање шишиња за земјоделска намена — визбарство, 25. Сите видови пумпи за земјоделството; 26. Опрема за сточарски фарми (поила, опрема за чистење, за исхрана итн.) 27. Опрема, алат и инструменти за одржување и поправка на сите видови земјоделски машини; 28. Технички инструменти и алати за поправка на земјоделски машини и нивни делови, апарати за испитување на машини, постројки за сервисни станици, како и постројки за поправка на самостоен моторен погон; 29. Клинести каиши, транспортни ленти и погонски каиши за земјоделски ма-

шини, како и прибор; 30. Галови ланци; 31. Гормперова прашина како прибор за работа на соодветни машини.

Семенска стока

1. Семе од градинарски растенија (вклучувајќи и компир и арпацик); 2. Семиња од билки за производство на добиточна храна (крмни растенија); 3. Семиња од индустриски растенија; 4. Семиња од жита; 5. Храна за птици; 6. Семе од овошје; 7. Семе од шумски дрвја; 8. Семе за цвеќиња и луковици, садници и расади; 9. Саден материјал (агруми) и садници за овошје и шумски дрвја; 10. Садници и резници на шумски и паркови дрва и грмушки.

Пчеларски материјал и прибор

1. Пчеларски направи (кошници, топилници, центрифуги, пултови за отстранување на саќе, пчеларски ваги); 2. Пчеларски алат (жврг, шпиритус, ламби, мали топилници, разни ножеви, капи, дималици, пчеларски четки, кафези, вилушки); 3. Пчеларски прибор (разни пчеларски копчиња, разделувачи, крпи, шарнири, рези, жично плетиво за матици, трутловка, хранилки); 4. Резервни делови за направи, алати и прибор; 5. Специјална амбалажа за мед од лим, картон, стакло и синтетички маси; 6. Потреби за пчеларството (денатурисан шеќер, восок, вештачко саќе, жици за рамки, средства за сулфурирање); 7 Стручна пчеларска литература и списанија; 8. Мед, производи од мед; 9. Матичен млеч, цветен прашок; 10. Пчели.

XXIII. Сточна и друга животинска храна

1. Сено, слама, пченкарна шума; 2. Крмни растенија (луцерка, детелина, граорица, мешавина од трева, трева, добиточна репка, добиточен морков, уров, силажна пченка, добиточен грашок, боб); 3. Крмно брашно; 4. Зрнеста добиточна храна (зоб, пченка јачмен, овес); 5. Тиква и компир за добиточна исхрана; 6. Желади и буковина; 7. Див костен; 8. Трици, уродица и други споредни производи и отпадоци при преработката на житата; 9. Индустриски крмни и споредни производи (маслени погачи, сачми, шрот и брашно, резанци од шеќерна репка, меласа, соино брашно, остатоци при преработка на растенијата, други споредни производи од животинско и растително потекло за исхрана на добитокот); 10. Концентрирана индустриски произведена храна за добиток, живина и други домашни животни, вклучувајќи ја и конзервираната храна за домашни животни (комплетни крмни смеси, и дополнителни крмни смеси-суперконцентрати); 11. Витамински препарати и други препарати кои се користат во исхраната на добитокот и другите домашни животни.

XXIV. Филателија и прибор

1. Филателистички марки; 2. Целиот прибор за средување на филателистички марки, вклучувајќи и албуми, стручна литература.

XXV. Антиквитети и уметнички дела

1. Антиквитети од историска и културна вредност; 2. Уметнички дела (скулптури, ликовни дела и дела од други гранки на уметноста).

XXVI. Производи од домашно ракотворење и уметнички занаети

1. Кукли во народни носии; 2. Ликови на животни од кожа, ткаенини, филц и слични материјали; 3. Дрворезбарство (разни асталски кутии и табакери, дрвени чинии и друга резбарска дрвна галантерија, мебел, резбарен, столни лампи; 4. Сите предмети од уметнички занаети (ковано железо, производи од бакар, позлатени, од сребро, филиграни, старинско оружје, столни лампи, мелници за кафе); 5. Уметнички предмети од стакло, дрво, обични и благородни материјали; 6. Навлаки за книги, срца во народни мотиви и други слични предмети во фолклорни мотиви, од текстил, пластика и сл.; 7. Украсни предмети од керамика и дувано стакло, цртежи на стакло, текстил, дрво и хартија; 8. Производи со народен вез (асталски чаршафи, блузи, милеа, од елца, фустани, шамивчиња, тантели, џемпери, патики-плетени и везени и други везени предмети, други производи од волна и народен вез, рачно ткаени килими, крпи и други слични производи; 9. Плетени предмети за облекување (џемпери, блузи, фустани, одела, чорапи); 10. Обувки (памучни, опинци, сандали, приглавци) 11. Ткаени предмети (килими, крпи, торби, теписи и друго); 12. Производи од кострети (простирки, покривки зобници, харари); 13. Кожна галантерија со народен вез, со ткаенини и други народни мотиви (папучи со вез и кожа, плетени сандали, машки и женски, како и други производи од народни ракотворби и уметнички занаети); 14. Народна носија (машки и женски одела и други предмети за украс и облекување кои по било што носат фолклорен карактер); 15. Плетени ракотворби од пченковина, слама. рафија, прачки и друг материјал и комбинирани материјали; 16. Производи од домашна дрвна галантерија (сита, мешалки, сукала, лажици, столчиња, и др. галантерија од домашно ракотворење); 17. Таписерии, гоблени и сл.; 18. Вештачки цвеќиња и предмети од украсни пердуви; 19. Плетен мебел од прачки (трска, бамбус, врба и друго); 20. Оплетени балони (демижони); 21. Сувенири со народни и други мотиви.

XXVIII. Цвеќе

1. Цвеќе (во саксии и сечено); 2. Цветни аранжмани во корпи, жардињери, слични садови; 3. Цветни семиња, луковки, гомољи за расад, цвеќе и украсни жбунови (ружи, зимзелено, четинарски и листопадни грмушки); 4. Новогодишни елки (природни и вештачки); 5. Садови за цвеќе (саксии, жардињери, сандачиња, вазни и корпи и слично); 6. Хумусен супстрат, торф, тресет, вештачки ѓубрива, (цврсти и течни); 7. Украси за цвеќиња и бавчи; 8. Венци од природно и вештачко цвеќе; 9. Вештачко цвеќе; 10. Цвеќарски-градинарски алат (градинарски ножици, гребла, мотики, садилки и друго); 11. Стручна и пропагандна литература од областа на предметот на работење на оваа струка.

XXVIII. Украсни риби, птици и други домашни и егзотични животни

1. Златни и други видови рипчиња за аквариум и други слични садови; 2. Аквариуми и други садови за чување рипчиња, со соодветна опрема и прибор; 3. Храна за рипчиња и средства за хигиенско-здравствено одржување на рипчињата во аквариумите; 4. Канаринци, папагали, штиглици, гулаби и други домашни и егзотични птици кои обично се чуваат и одгледуваат во домаќинствата; 5. Кафези и слични кукички за престој на птици со соодветна опрема и прибор; 6. Храна за птици и средства за хигиенско-здравствено одржување на птици и објекти во кои тие живеат и престојуваат; 7. Зајаци, мачки, кучиња и други домашни и егзотични животни кои обично се чуваат и одгледуваат во домаќинствата и соодветна храна и садови за нивна исхрана со прибор и средства за одржување хигиенско-здравствена состојба на овие животни и објекти во кои живеат; 8. Кафези, легла, и други слични предмети за престој на животните од точка 7 со соодветна опрема, прибор и средства за нивно хигиенско одржување, како и други предмети потребни при изведувањето на некои од овие животни на јавни површини (гердани, јажиња, за водење, корпи и сл.); 9. Стручна и пропагандна литература од областа на предметите за работа од оваа струка.

XXIX. Пердуви

1. Пердуви примарни или преработени (сите видови); 2. Пердуви за постелнина; 3. Украсни пердуви; 4. Производи од украсни пердуви; 5. Постелни пред-

мети од пердуви (перници-перничиња, разни покривачи, јоргани и сл.).

XXX. Продавање на дневни, периодични и повремени весници, часописи и други слични списанија

1. Дневен, периодичен и повремен печат; 2. Ревии, списанија илустрации, брошури; 3. Календари, програми, нотеси, блокови, плика и хартија за писма, разгледници, честитки, цепни книги, песнарки; 4. Водичи, возен ред, планови на градови, туристички карти, адресари.

XXXI. Погребна опрема

1. Мртовечки сандаци и урни со соодветна опрема и белези; 2. Кошули, вратоврски, чорапи, шамии, шамивчиња, блузи, и други делови од облека и ознаки потребни на членовите на фимилијата на починато лице; 3. Природно цвеќе и венци од природно цвеќе. вештачко и венци од вештачко цвеќе; 4. Надгробни споменици, опрема и прибор за одржување на гробовите.

XXXII. Моторни возила, делови и прибор

1. Резервни делови за моторни возила и градежни машини; 2. Сите видови куглични, ваљкасти, клизни и други лежишта за сите возила и машини од оваа трговска струка; 3. Додатни уреди, апарати и опрема и прибор за возила (греачи, вентилатори, радиоапарати за автомобили, навлаки за седишта и подови: сигнални триаголници, рачни аптеки, прирачен алат за возила; разни крпи и сунѓери за перење на возилата; спреј и други лакови за каросеријата, авто-козметика, бензински канти, мерачи за притисок на воздухот за пнеуматиката); 4. Надворешни, внатрешни и специјални гуми за моторни возила и градежни машини и трактори, гумени и челични гасеници за трактори и гасеничари, гумени и челични сегменти за гасеници; 5. Електрични апарати и прибор за моторни возила (автоелектрика): за покренување, палење, осветлување и сигнализација; свеќички, разводници, индукциони калеми, магнети, брисачи, покажувачи на правец и сл. електрични изолатори и изолационен материјал, акумулатори и батерии за возила; киселина и дестилирана вода за акумулатори; сијалици, осигуривачи. кабли и друго; 6. Тахометри и таксиметри; 7. Стручна, информативна и слична литература од областа на авто-мотористиката, возила, пловила и други машини од оваа трговска струка.

XXXIII. Нафта и нафтени деривати, масла и масти

1. Течни горива (разни бензини, петролеум, дизел-горива, масла за горење, „вајт-спирт"); 2. Комбинирани горива од нафта и јаглен (синтетички горива); 3. Минерални масла за подмачкување и за друга намена (моторни, авионски, лежишни, вазелински, вретенски, турбински, трансформаторски, изолациони, цилиндарски, осовински, хидраулични, компресорски, за менувачи и диференцијали, за режење; за калење; за ладење; за воздушни филтери; масла за фина механика); 4. Комбинирани мазива од минерални, растителни, хемиски и животински состојки (детергент, масло, масло за кочници, разни замастени синтетички масла); 5. Специјални производи добиени од преработки на сурова нафта (масла за медицината и козметиката, парафин, вазелин, антикорозивни средства битумен); 6. Мазивни масти (товатни, за куглични и топли лежишта, за оружје, коломаст и друго); 7. Специјални средства за хемиската индустрија (нафтенска киселина, смекнувачи за гуми, растворувачи, средства за импрегнирање, средства за етилизирање, петролејски кокс); 8. Истрошени мазива (масла и масти); 9. Во производите од оваа струка спаѓаат и: — потрошен материјал, прибор, потесен избор на резервни делови и ситен алат за моторни возила (свеќички, кабли, платински копчиња, сијалици, заптивачи, клинести каиши, прибор за лепење на пнеуматика, гуми внатрешни и надворешни, вентили и пумпи за пнеуматика, антифриз, авто-козметика, автокарти и планови на градови, канти за бензин и сл.); — печки кои се ложат на масло и плин (печки, шпорети, грејалки, бојлери и сл.); — боци за плин (полни и празни).

XXXIV. Стари предмети

Сите употребени подвижни предмети и предмети кои можат уште да се употребат целосно или делумно, како костуми, обувки, разни домашни предмети, мебел, делови (за автомобили, трактори, машини и мотори), пловила, велосипеди и делови, употребуван градежен материјал (врати, прозорци керамиди, цигли, плочки и др.), ТВ и радио апарати и други слични работи и предмети.

Во рамките на оваа трговска струка не се сметаат за стари предмети антиквитети од историска и културна вредност, уметнички дела (скулптури, ликовни дела и дела од други гранки на уметноста) накит и други драгоцености и предмети изработени од благородни метали и драги камења, стари марки (филателистички) и стари пари (нумизматички) како и „крш" од злато и други благородни метали.

XXXV. Секундарни суровини — отпадоци

1. Сите видови текстилни отпадоци (волнени, јутени, памучни, отпадоци од синтетички влакна, други текстилни отпадоци); 2 Старо железо и стар лив (старо железо и отпадоци од челик, струготини, машински лив, трговски и мешан лив); 3. Отпадоци од обоени метали (отпадоци и струготини од бакар, бронза, месинг, шљака од бакар и легури; отпадоци и струготини од алуминиум, алуминиумска шљака, алуфолии; отпадоци од олово и бели ковини, отпадоци од меко и тврдо олово, акумулаторско олово, оловна згура и шљака, отпадоци од цинк и негови легури, цинк-шљака; 4. Стара хартија и отпадоци од хартија (бели бездрвни резанци од хартија, резанци од хартија за пишување и печатарска хартија) архива, книги, обрасци, брошури и слично; црно-бели весници и списанија, натрон-вреќи, нови и стари отпадоци од брановидна лепенка); 5. Отпадоци од дрво (нови од производството, стари од амбалажа и др отпадоци од плута и др.); 6. Стаклен крш и амбалажа (рамно прозорско стакло, шупливо бело и обоено стакло, стаклена амбалажа); 7. Стара гума (надворешни авто гуми и други гуми; внатрешни авто и други гуми; други гумени отпадоци); 8. Отпадоци од преработена кожа. 9. Отпадоци од технички маснотии: 10. Други отпадоци употребливи за индустриска намена; 11. Расходувани средства кои не служат за првобитната намена, односно средства кои ја изгубиле својата првобитна намена и вредност (расходувани моторни возила, машини и слично), со тоа што одделни употребливи делови од овие средства можат да имаат своја употребна и прометна вредност.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 08-750/1
13 октомври 1987 година
Скопје

Републички секретар за
општостопански работи и пазар,
Иван Митровски, с. р.

739.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 7 октомври 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 57 став 1 точка 5 и член 59 став 1 точка 5 од Правилникот за работни односи, донесен од работниците во Основната организација на здружен труд „Кале" во состав на Работната организација „Интерпромет" во Скопје, со референдум одржан на 16 декември 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здруженото труд во Скопје со предлог поднесен до Судот поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со оспорената одредба се оневозможува пријавените кандидати под еднакви услови да учествуваат во изборот бидејќи лицата кои веќе работеле или обавувале пракса кај учесникот се во привилегирана состојба во однос на другите кандидати.

4. На седницата Судот утврди дека член 57 од означениот правилник ги предвидува дополнителните критериуми за приоритет при вработување, а во точката 5 го предвидува критериумот „лица кои работеле во основната организација, Работната заедница на определено време или обавувале пракса, а се истакнале во текот на работењето или праксата како добри работници или ученици".

Во член 59, став 1 точка 5, пак, е извршено вреднување на дополнителните критериуми, при што оспорениот основ е вреднуван со 10 бода.

5. Според член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството.

Член 5 став 2 од Законот за работни односи предвидува дека со самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос, работниците се должни да утврдат критериуми за приоритет при вработување согласно општествениот договор за вработување кој го склучиле или на кој му пристапиле.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека право и должност е на работниците во самоуправниот општ акт да го уредат и приоритетот при вработувањето. Притоа, критериумите за утврдување приоритет при вработување мораат да бидат еднакви за сите работни луѓе и граѓани.

Според мислењето на Судот, оспорениот основ не може да се предвиди за утврдување приоритет при вработување, затоа што лицата кои обавувале пракса во организацијата се доведуваат во привилегирана положба во однос на другите. Меѓутоа, оваа околност може да се предвиди само како дополнителен критериум кога кандидатите имаат еднакви услови, односно бодови по другите основи.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи дека член 57 став 1 точка 5 и член 59 став 1 точка 5 од оспорениот Правилник не се во согласност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 117/87
7 октомври 1987 година
Скопје

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на Македонија
Судија,
Братољуб Раичковиќ, с. р.

740.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 октомври 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 12 под II и III од Правилникот за станбени односи донесен од работниците во Работната организација за презентирање на културни вредности „Македонија-концерт" во Скопје, донесен на референдум одржан на 2 септември 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здруженото труд во Скопје поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 12 под II и III од Правилникот означен во точка 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот во оспорениот член предвидениот основ работен стаж различно е вреднуван зависно од тоа дали стажот е остварен во „Македонија-концерт" или, пак, во друга организација, а исто така доаѓа до двојно вреднување на основот степен на стручна подготовка, затоа што еднаш се вреднува во рамките на основот сложеност и потоа се вреднува самостојно.

4. На седницата Судот утврди дека во член 12 под II од означениот Правилник е предвидено за секоја година од вкупно предвиденот стаж на работа да се добие по 1 бод и за секоја година на работа во Работната организација по 1 бод.

Согласно член 2 алинеја 3 од Законот за здруженото труд правото на работа со општествените средства што го стекнува секој работник во здруженото труд е основ за остварување на неговите права, обврски и одговорности во здруженото труд.

Работејќи во здруженото труд со општествените средства работникот создава доход кој има општествен карактер. Работејќи, пак, и создавајќи доход со општествените средства, работникот стекнува и работен стаж кој исто така има општествен карактер без оглед дали е стекнат во една, две или повеќе организации.

Според Оддел II став 2 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената положба и улога на човекот, ја сочинуваат, покрај другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста

Со оглед на изнесеното, Судот смета дека вреднувањето на работниот стаж стекнат во „Македонија-концерт" и вреднувањето на вкупно признатиот работен стаж претставува негово двојно вреднување, и е привилегирање на работниците вработени во „Македонија-концерт". Ова затоа што предвидувајќи го работниот стаж како основ за распределба на станови и станбени кредити, организацијата треба да поаѓа од работниот стаж како елемент и израз на личниот придонес на работникот што со свој труд го дал во зголемувањето на материјалната основа на социјалистичкото општество.

Поаѓајќи од ова, а особено имајќи го предвид општествениот карактер на доходот, Судот смета дека двојното вреднување на работниот стаж создава нееднаквост меѓу работниците во распределбата на средствата за заедничка потрошувачка.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека оспорената одредба не е во согласност со означеното уставно начело и е во спротивност со означената одредба од Законот за здруженото труд.

5. Понатаму, Судот утврди дека во член 12 под III е вреднуван основот степен на стручна подготовка, а под IV е вреднуван основот сложеност.

Судот смета дека стручната подготовка како израз на сложеноста на работите и работните задачи и придонесот во работата може да се предвиди како

основ за распределба на средствата за станбена изградба, доколку не е предвиден основот сложеност. Ова затоа што ако едновремено се утврдени бодови по основот сложеност и по основот стручна подготовка доаѓа до двојно вреднување на стручната подготовка.

Со оглед на тоа Судот утврди дека оспорениот член 12 од Правилникот не е во согласност со начелото на распределба според трудот и е во спротивност со членовите 126 став 1 и 129 став 3 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 227/86
14 октомври 1987 година
Скопје

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на Македонија
Судија,
Мугбил Бејзат, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

По извршеното сравнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за времетраењето, висината и начинот на исплатата на паричната помош за време на бременост и породување, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 39/87, се поткраднала грешка поради што се дава

И С П Р А В К А

на Одлуката за времетраењето, висината и начинот на исплатата на паричната помош за време на бременост и породување

Во член 5 во третиот ред наместо зборот „јули" треба да стои зборот „август".

Бр 03-1176
29 октомври 1987 година
Скопје

Од Републичката
заедница за вработување

Oiласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Магбуле Изаири од с. Глумово против тужениот Мевљун Изаири, привремено вработен во Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Мевљун Изаири во рок од 30 дена да се јави или да ја достави својата адреса во судот

По истекот на овој рок судот ќе му го одреди привременот старател Зафировски Никола, адвокат од Скопје, согласно член 84 од ЗПП, кој ќе го застапува до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVIII II. бр. 3318/86. (140)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје се води оставинска постапка под О. бр. 442/86 за расправање на имотот на пок. Бахтијар Зудја, родена на 17. XI. 1921 година во Скопје, а починала на 2. XII. 1985 година во Скопје, каде што и живеела.

Како наследник на покојната се јавува и нејзиниот син Имер Бахтијар сега со непозната адреса на живеење во Париз, Франција.

Се повикува учесникот Имер Бахтијар да се јави во овој суд во рок од една година, сметано од денот на објавувањето на судскиот оглас, или, пак, во истиот рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател во смисла на член 132 од ЗВП, кој ќе ги штити неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, О. бр. 442/86. (142)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за уредување на меѓа по предлог на предлагачот Бајрами Берзат Неуфел од с. Шипковица, против противниците Адили Лезам Хазир од с. Шипковица, сега со непозната адреса во СР Германија и др.

Се повикува противникот Адили Лезам Хазир од с. Шипковица во рок од 30 дена да се јави пред овој суд, да ја достави својата адреса или да постави свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност на истиот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС бр. 440/87.

Пред Општинскиот суд во Тетово е заведен спор за сопственост по тужбата на тужителите Митревска Софија, Митревски Славе и Митревска Аница, сите од Тетово, ул. „Гоце Делчев" бр. 231, против тужениот Митревски Петров Борче од Тетово, а со место на живеење во Романија, со непозната адреса. Вредност на спорот 322.500 динари.

Се повикува тужениот преку „Службен весник на СРМ" да се јави лично пред судот во рок од 30 дена или да постави свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Доколку истиот тоа не го стори, Општинскиот суд во Тетово преку Центарот за социјални работи — Тетово ќе му постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1457/87.

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ристовски Злате од с. Лешок, застапуван од полномошникот Милан Михајлов, адв. од Тетово, против тужената Ерман Костанце од СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Ерман Костанце од СР Германија да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да достави своја адреса или постави свој полномошник кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката. Во спротивно, судот ќе ѝ постави привремен застапник кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1111/87

ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Општинскиот суд во Прилеп е заведена вонпарнична постапка од страна на предлагачот Кочоски Коте од Прилеп против противникот Димеска Илинка, за докажување на смрт, согласно член 89 од ЗВП.

Се повикува лицето Димеска Илинка од Прилеп да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", или да се јават во судот лица кои ќе кажат за нејзиниот живот или лице кое лично ја познавало за да даде подробни податоци за часот, денот и годината на смртта на противникот. Во спротивно, по истекот на рокот и спроведената постапка, судот ќе ја утврди и докаже нејзината смрт.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 79/84.

ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот округли печат под назив: „Шаховски клуб „Лирија“ — Скопје се огласува за неважен.

Загубените тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Станбена задруга „Евтина градба“ — Дебар се огласуваат за неважни.

Загубениот печат и штембил под назив: РО „Превентива“ за трговија на големо и мало со прехрамбени и непрехрамбени производи Ц. О. Скопје — ООЗТ „Маркетинг“ — Скопје се огласуваат за неважни. (5577)

Загубениот тркалезен печат под назив: „Работна организација за угостителство, туризам и комунални работи „Маврово“ — Маврови Анови“ се огласува за неважен. (4934)

Загубениот тркалезен печат под назив: „РО „Лесковац промет“ — Лесковац ООУР „Текстил“ — продавница 54 — Скопје — Лесковац“ се огласува за неважен. (4956)

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

Работна книшка на име Ибрахим Саќипи, Куманово. (5298)

Работна книшка на име Љубиша Анастасовски, Куманово. (5299)

Работна книшка на име Милевка Лапеска, Кратово. (5301)

Работна книшка на име Изби Таироски, Охрид.

Девизна штедна книшка, издадена од Стопанска банка — Скопје на име Ленка Петрова, Скопје.

Воена книшка на име Даим Шерифи, с. Теново, Тетово. (5339)

Воена книшка на име Џемали Мемеди, с. Радиовци, Тетово. (5343)

Работна книшка на име Марија Тасеска, Охрид.

Работна книшка на име Настеска Љубинка, Македонски Брод. (5369)

Работна книшка на име Александар Ѓорѓиев, Штип. (5370)

Работна книшка на име Лидија Боболинска, Штип. (5376)

Свидетелство за VIII одделение на име Јован Трајчев, с. Соколарци, Кочани. (5378)

Возачка дозвола бр 134 на име Јован Трајчев, с. Соколарци, Кочани. (5379)

Договор за работа бр. 757 од 01. 11. 1986 година, помеѓу работодавачот Андоновиќ Катка и работникот Славица Котевска, Куманово. (5383)

Работна книшка на име Трпкоска Елена, с. Брест, Македонски Брод. (5391)

Воена книшка на име Измит Ибраими, Тетово.

Работна книшка на име Јусуф Асани, Тетово.

Сообраќајна дозвола на име Абдураман Абдули, Гостивар. (5418)

Работна книшка на име Мерџан Сејдија, Тетово.

Работна книшка на име Трпко Дамјаноски, Тетово. (5436)

Работна книшка на име Дурак Мехмедов, Берово. (5461)

Работна книшка на име Јоцо Манасијов, Кочани. (5463)

